**СОУ „КОСТА СУСИНОВ“- Радовиш**

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

## на училиштето

## за период 2021-2023 година




Мај 2024, Радовиш

## Содржина


- Вовед во процесот на самоевалуација ..... 4
- Лична карта на училиштето ..... 5
- Преглед на подрачјата и индикаторите за квалитет ..... 6
- Тим за спроведување на самоевалуацијата ..... 7

Подрачје 1 – Наставни планови и програми ..... 9
1.1 Реализација на наставните планови и програми ..... 9
1.2 Квалитет на наставните планови и програми ..... 11
1.3 Вонннаставни активности ..... 12
Подрачје 2 - Постигнувања на учениците ..... 15
2.1 Постигнувања на учениците ..... 15
2.2 Задржување / осипување на учениците ..... 21
2.3 Повторување на учениците ..... 23
Подрачје 3 - Учење и настава ..... 27
3.1 Планирање на наставниците ..... 27
3.2 Наставен процес ..... 28
3.3 Искуства на учениците од учењето ..... 30
3.4 Задоволување на потребите на учениците ..... 31
3.5 Оценувањето како дел од наставата ..... 32
3.6 Известување за напредокот на учениците ..... 33
Подрачје 4 - Поддршка на учениците ..... 36
4.1 Севкупна грижа за учениците ..... 36
4.2 Здравје ..... 39
4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците ..... 40
4.4 Следење на напредокот ..... 42
Подрачје 5 - Училишна клима и односи во училиштето ..... 46
5.1 Училишна клима и односи во училиштето ..... 46
5.2 Промовирање на постигнувањата ..... 49
5.3 Еднаквост и правичност ..... 58
5.4 Соработка со родителите и со локалната и деловната заедница ..... 60
Подрачје 6 - Ресурси ..... 63
6.1 Сместување и просторни капацитети ..... 63
6.2 Наставни средства и материјали ..... 65
6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар ..... 68
6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар ..... 69
6.5 Финансиско работење во училиштето ..... 74
Подрачје 7 - Управување, раководење и креирање политика ..... 77
7.1 Управување и раководење со училиштето ..... 77
7.2 Цели и креирање на училишната политика ..... 78

7.3 Развојно планирање ........................................................................ 81

## ➢ Вовед во процесот на самоевалуација

Согласно член 29-а од Законот за средно образование, според Правилникот за начинот и подрачјата за вршење на самоевалуација на средните училишта, донесен од страна на МОН, и по предлог на Директорот Миле Арсов, Училишниот одбор при СОУ „Коста Сусинов“- Радовиш, ја формираше училишната комисија, која изготви извештај за извршената самоевалуација за периодот 2021-2023 година, со предлог мерки за подобрување на работата на училиштето во следните години. Комисијата работеше во следниот состав:

1. Љупка Туџарова-Аврамова - наставник по англиски јазик, главен координатор на самоевалуацијата;
2. Николина Ристова Петрова - наставник по англиски јазик, заменик-главен координатор на самоевалуацијата;
3. Славе Трајанов – наставник по биологија, координатор на Подрачје 1;
4. Билјана Јованова – наставник по математика, координатор на Подрачје 2;
5. Жаклина Стојменова – наставник по хемија, координатор на Подрачје 3;
6. Виолета Србакова – училишен психолог, коррдинатор на Подрачје 4;
7. Јовица Илиќ – наставник по филозофија, координатор на Подрачје 5;
8. Славица Атанасова – наставник по информатика, координатор на Подрачје 6;
9. Василка Митева – наставник по информатика, координатор на Подрачје 7.

За квалитетно изготвување на овој документ, користени се различни методи и техники. Направени се релевантни анализи врз основа на голем број анкети, интервјуа, разговори и состаноци со сите инволвирани страни во воспитно-образовниот процес во училиштето.

Самоевалуацијата беше спроведена во 3 фази:

1. Подготвителна фаза;
2. Фаза на реализација;
3. Фаза на известување и усвојување.

## ➢ Цели на самоевалуацијата

Самоевалуацијата, која произлегува од законските рамки на воспитно-образовниот процес, се заснова на потребата од учество на сите активни чинители во вреднувањето на состојбите и процесите во училиштето и изготвување стратегија за надминување на слабостите во секое подрачје на вреднување. Од суштествена важност е континуирано да се подобрува квалитетот на работата на училиштето, со цел тоа да биде поттикнувачка средина за развој на учениците во квалитетни млади луѓе кои можат да се справат со сите предизвици на новото, динамично време на живеење.

Добиените резултати и сознанија од процесот на самоевалуација имаат двојна намена:

- да се доставaт до надлежните тела и институции (Училишен одбор, Совет на родители, Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Државен просветен инспекторат, Секторот за образование при општината каде функционира училиштето);
- да послужат како добра основа за преземање конкретни активности при изготвување на Развојната програма за работа на училиштето, за наредниот период од четири учебни години.

Самоевалуацијата претставува процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на работата на една воспитно-образовна институција, како што е средното училиште, со цел обезбедување повисок квалитет во работењето. Во постапката на самоевалуацијата, се бара одговор на три клучни прашања:

- Колку е добро нашето училиште?
- Како го знаеме тоа?
- Што може да направиме да бидеме подобри?

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци, како и на реални увиди во функционирањето на училиштето. Оттука, на самоевалуацијата треба да се гледа како на средство преку кое училиштето развива стратегија за континуиран развој, преку непосредно вклучување на учениците, наставниците и родителите во текот на целиот процес, од идентификувањето на актуелната состојба, па сѐ до изготвувањето на плановите за подобрување на истата.

## ➢ Лична карта на училиштето

| | |
|---|---|
| Име | СОУ „Коста Сусинов" |
| Адреса | „Кеј 8 Септември" бр.8 – Радовиш |
| Телефон | 032-635-410 |
| Телефон/Факс | 032-635-407 |
| Е-пошта | **sou-kostasusinov-radovis@schools.mk** |
| Веб страница | www.kostasusinov.edu.mk |
| Основање- Решение бр. | 01-4058 од 25.08.1960 година |
| Верификација – Акт бр. | 06 - 756/1 од 17.06.1961 година |
| Јазик на кој се реализира наставата во Училиштето | македонски и турски |
| Број на паралелки | 32 |
| Број на смени | 2 |

## ➢ Преглед на подрачјата и индикаторите за квалитет

За да се следи квалитетот во севкупната работа на училиштето, потребно е да се согледаат **условите** во кои работи училиштето, **процесите** кои се одвваат во него, како и **резултатите** и **постигнувањата** на училиштето. Врз основа на овие три категории, дефинирани се и утврдени **седум подрачја на вреднување** и **индикатори за квалитет** во рамките на секое подрачје.

| Подрачја на вреднување | Индикатори за квалитет |
|---|---|
| **1.Наставни планови и програми** | 1.1 Реализација на наставните планови и програми<br>1.2 Квалитет на наставните планови и програми<br>1.3 Воннаставни активности |
| **2. Постигнувања на учениците** | 2.1 Постигнувања на учениците<br>2.2 Задржување/осипување на учениците<br>2.3 Повторување на учениците |
| **3. Учење и настава** | 3.1 Планирања на наставниците<br>3.2 Наставен процес<br>3.3 Искуства на учениците од учењето<br>3.4 Задоволување на потребите на учениците<br>3.5 Оценувањето како дел од наставата<br>3.6 Известување за напредокот на учениците |
| **4. Поддршка на учениците** | 4.1 Севкупна грижа за учениците;<br>4.2 Здравје<br>4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците<br>4.4 Следење на напредокот |
| **5. Училишна клима** | 5.1 Училишна клима и односи во училиштето<br>5.2 Промовирање на постигнувањата<br>5.3 Еднаквост и правичност<br>5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница |
| **6. Ресурси** | 6.1 Сместување и просторни капацитети<br>6.2 Наставни средства и материјали;<br>6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар<br>6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар<br>6.5 Финансиско работење во училиштето |
| **7. Управување, раководење и креирање политика** | 7.1 Управување и раководење со училиштето<br>7.2 Цели и креирање на училишната политика<br>7.3 Развојно планирање |

## ➢ Тим за спроведување на самоевалуацијата

| **Подрачје на вреднување** | **Одговорен наставник** |
|---|---|
| **1.Наставни планови и програми** | • Славе Трајанов–наставник по биологија (координатор)<br>• Габриела Митева Коцев – наставник по македонски јазик<br>• Ружица Кулушиќ – наставник по географија<br>• Кирил Чапов – наставник по историја<br>• Даниела Ѓоргиева – наставник по предмети од електротехничка струка<br>• Даниела Ѓоргиева–наставник по биологија |
| **2. Постигнувања на учениците** | • Билјана Јованова – наставник по математика (координатор)<br>• Михаил Кукутанов – наставник по германски јазик<br>• Сузана Мансиева – наставник по бизнис<br>• Дејан Милчевски – наставник по предмети од електротехничка струка<br>• Тина Вергова – наставник по македонски јазик<br>• Милица Келкоцева – наставник по германски јазик<br>• Наташа Спасевска – наставник по англиски јазик |
| **3. Учење и настава** | • Жаклина Стојменова - наставник по хемија (координатор)<br>• Венка Тадирова - наставник по стручни предмети од геолошко-рударска и металуршка струка<br>• Миле Коцев - наставник по спорт и спортски активности<br>• Кристина Трајанова – наставник по социологија<br>• Борче Алексов – наставник по информатика<br>• Блажо Јованов – наставник по македонски јазик<br>• Катерина Сусинова – наставник по англиски јазик |
| **4. Поддршка на учениците** | • Виолета Србакова – психолог (координатор)<br>• Иванка Спасова – наставник по спорт и спортски активности<br>• Валентина  Ристова – наставник по англиски јазик<br>• Нина Железарска – наставник по француски јазик<br>• Маја Сулева – наставник по математика<br>• Лили Ѓоргиева – наставник по француски јазик<br>• Ѓоше Коцев – наставник по геолошко-рударски предмети<br>• Фикрет Баров – наставник по турски јазик |
| **5. Училишна клима** | • Јовица Илиќ – наставник по филозофија (координатор)<br>• Рушка Евтимова – наставник по музичко<br>• Дејан Ристов – наставник по филозофија (замена)<br>• Џафер Мемишоски – наставник по турски јазик<br>• Зоран Божинов – наставник по стручни предмети од металуршка струка<br>• Катерина Диманова Јованова – наставник по македонски јазик<br>• Сања Маринковска – наставник по македонски јазик<br>• Марјанче Николовски – наставник по стручни предмети од електротехничка струка |
| **6. Ресурси** | • Славица Атанасова – наставник по информатика (координатор)<br>• Христина Коцева – наставник по бизнис<br>• Гоце Лазаров – домаќин на училиштето<br>• Љупче Атанасов – наставник по спорт и спортски активности<br>• Даниела Чачарова – наставник по хемија<br>• Ленче Крстева – наставник по физика<br>• Стојна Алексовска – наставник по математика<br>• Ѓорге Лахтов – наставник по предмети од металуршка струка |

| | |
|---|---|
| | ● Надица Анастасова – наставник по математика (замена) |
| **7. Управување, раководење и креирање политика** | ● Василка Митева - наставник по информатика (координатор)<br>● Игор Конзулов – наставник по спорт и спортски активности<br>● Јордан Пецов – наставник по историја<br>● Викторија Николова -наставник по предмети од електротехничка струка<br>● Саше Гаврилов – наставник по предмети од машинска струка<br>● Сашо Ристов – наставник по предмети од електротехничка струка<br>● Ивана Андонов – наставник по математика |

# Подрачје 1 – Наставни планови и програми

Во ова подрачје на вреднување, направено е согледување на индикаторите:

**1.1 Реализација на наставните планови и програми;**
**1.2 Квалитет на наставните планови и програми;**
**1.3 Воннаставни активности.**

| ПОДРАЧЈЕ БР.1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ (НПП) | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ** | **ТЕМИ** |
| **1.1** | **Реализација на наставните планови и програми (НПП)** | ➢ **Применувани НПП**<br>➢ **Информираност на родителите и учениците за НПП**<br>➢ **Приспособување на наставните програми (НП) на деца со посебни образовни потреби**<br>➢ **Избор на наставни предмети**<br>➢ **Планирање активности за реализација на слободните часови /проектни активности на училиштето**<br>➢ **Реализација на проширени програми** |
| **1.2** | **Квалитет на наставните планови и програми** | ➢ **Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во НП и учебни помагала**<br>➢ **Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во НП и наставните помагала**<br>➢ **Интегрирање на општите (меѓупредметни) цели на образованието**<br>➢ **Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз НПП** |
| **1.3** | **Воннаставни активности (ВНА)** | ➢ **Обем и разновидност на планираните и реализирани воннаставни активности**<br>➢ **Опфатеност на учениците со ВНА**<br>➢ **Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во ВНА**<br>➢ **Афирмирање на учениците и на училиштето преку ВНА** |

## *1.1 Реализација на наставните планови и програми*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Закон за средно образование;<br>- Статут на училиштето;<br>- Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Глобални и тематски планирања на наставниците;<br>- Дневници на паралелката;<br>- Нацрт-национална програма за развој на образованието во РМ 2005-2015 (Скопје 2004);<br>- НПП за гимназиско и стручно образование. |

# АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Нашето училиштето настојува целосно да ги реализира наставните планови и програми, одобрени од Бирото за развој на образованието (БРО). Училиштето не реализира други наставни планови и програми освен оние од БРО. На почетокот на учебната година, сите предметни наставници изготвуваат глобални годишни планирања и тематски планирања. Сите наставници имаат доставено НПП и тие се реализират со динамика предвидена во изготвените годишни програми. Од увидот во главните книги, заклучивме дека реализацијата на НПП е висока, над 90%. Само мал број програми се под овој процент. Понатамошните анализи за овој дел покажуваат дека некои часови не се реализираат, како резултат на: празници (во најголем број), екскурзии, боледувања и др.

Годишните тематски планирања се изработуваат во формулари изготвени од училиштето. Голем број наставници изготвуваат свои формулари и за истите се одредуваат рокови за нивно предавање до директорот или стручната служба на училиштето. Наставните планови и програми за гимназиско и стручно образование им се достапни само на наставниците. Секој наставник има копија од наставните програми по својот предмет.

Родителите со наставниот план и програма се запознаваат на родителските средби или преку нивните ученици (деца). Во последно време, имаат ваква можност и преку интернет, посетувајки ја официјалната страница на БРО. На почетокот на учебната година, класниот раководител ги запознава учениците со наставниот план, а секој предметен наставник со наставните програми по неговиот предмет.

Од увидот е констатирано дека дел од годишните програми го имаат земено предвид интегрирањето на локалната средина во одредени теми на наставните часови. Веруваме дека на ова прашање е потребно да му се посвети поголемо внимание, со цел наоѓање можни решенија за остварување на ова поврзување, како нов (модерен) пристап во образовниот процес. Образовните услуги треба да го напуштат светот на формализираните стандарди и нормативи, да излезат надвор од училишните клупи и да се поврзат со светот на којшто му требаат.

При запишувањето на учениците во прва година, тие се определуваат за образование на определен план и програма. На учениците од II-год. гимназиска насока им се понудени три изборни предмети, и тоа: етика, латински јазик и информатичка технологија, од кои тие избираат еден. Во III-год. гимназиска насока им се понудени две подрачја, и тоа: проиродно- математичко и општествено-хуманистичко, со по две комбинации на изборни предмети, а учениците избираат подрачје и комбинација.

Од планираните проектни активности во гимназиското образование, во прва и втора година, во согласност со наставниот план и програма од МОН, се изведува Спорт и спортски активности, со еден час, додека во трета и четврта година- Иновации и претприемништво, со два часа и еден час по избор.

Во стручното образование, слободните активности се по избор на ученикот, според програмата на Центарот за стручно образование и обука:

- Прва година: Светско наследство во рацете на младите;
- Втора година: Планирање на кариера;
- Трета година: Ученичка компанија – Претприемачка практика за млади;
- Трета година: Подготовка за вработување и работа;

- Четврта година: Презентациски вештини;
- Четврта година: Активно барање работа.

Во нашето училиште, реализирани се и бројни еколошки проекти и точки на акција во рамките на ЕКО – програмата, за која нашето училиште има добиено зелено знаме.

Во изминатите три години, се имплементираа и други програми, меѓу кои МИО проектот и проектот Инклузивно образование.

### *1.2 Квалитет на наставните планови и програми*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Закон за средно образование;<br>- Статут на училиштето;<br>- Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Глобални и тематски планирања;<br>- Дневници на паралелката;<br>- Нацрт-национална програма за развој на образованието во РМ 2005-2015 (Скопје 2004);<br>- НПП за гимназиско и стручно образование. |

## АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Во Законот за средно образование се забранува дискриминација заснована на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба. Законот овозможува воспитно-образовната дејност во јавните училишта да се изведува на јазикот и писмото на припадниците на различни заедници. Учениците кои наставата ја следат на својот јазик (поинаков од македонскиот) употребуваат учебници на јазикот на кој се изведува наставата, а педагошката документација се води и издава и на македонски јазик и на јазикот и писмото на кои се изведува наставата.

Во нашето училиште постојат паралелки во кои наставниот план и програма се одвиваат на турски наставен јазик. За време на одржување на наставата во овие паралелки, наставниот кадар во училиштето настојува учениците да ја запознаат културата и на едната и на другата националност. Училиштето, преку Совет на родители и Училишен одбор, планира активности, прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставници и родители, од аспект на полова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност.

Наставните планови во нашето училиште се планираат соодветно врз основа на условите во нашата општина, односно, се отвораат струки кои се типични за нашата средина. При планирањето на НП се разгледуваат условите за тоа која насока би можела успешно да функционира, односно, кои услови се нудат за извршување на практичната настава.

Училиштето, во сите наставни програми што се реализираат, има разработени насоки за развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност во нашето мултикултурно општество. Наставниците ги почитуваат тие насоки.

Училиштето е отворено за промени и подобрување на учењето преку иновирање во сите предмети, почитување на стандардите во оценувањето и водење на соодветна електронска документација. Од страна на БРО и МОН, редовно се организираат семинари за едукација на наставниците. Училиштето има изготвено образец за оценка на квалитетот на глобалните и тематските планирања на наставниците, а педагошката служба изготвува извештај во однос на ова.

## 1.3 Воннаставни активности

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Закон за средно образование;<br>- Статут на училиштето;<br>- Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Глобални и тематски планирања;<br>- Дневници на паралелката;<br>- Нацрт национална програма за развој на образованието во РМ 2005- 2015 (Скопје 2004);<br>- Наставни планови и програми за гимназиско и стручно образование;<br>- Годишна програма за работа на училишниот педагог и психолог. |

## АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Воннаставни активности се сите видови активности кои учениците ги организираат и реализираат надвор од рамките на наставата, а служат за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците. Такви активности се разни видови на екскурзии и посети во нашата држава и надвор од неа, посета на културно-историски споменици, фабрики, рудници, пошумување, активности за грижа кон околината во која живееме.

Училиштето организира и планира и разни натпревари, од локален, регионален и државен карактер, како резултат на талентот и надареноста на учениците во одредени области од науката, уметноста и спортот.

Со особено внимание, училиштето води грижа да овозможи најголем број од учениците да бидат вклучени во одредена воннаставна активност, во зависност од нивните желби и можности, не исклучувајќи ги учениците кои потекнуваат од семејства со низок социо- економски статус. Особено, ако ваквите активности (повеќедневни или еднодневни екскурзии, разни посети на места за кои учениците пројавиле интерес) се од голема важност за реализацијата на наставата.

Во натпревари се вклучуваат ученици кои покажуваат надареност, талент и особени резултати од обласста во која треба да се натпреваруваат. Натпреварите можат да бидат групни, со тимска работа на учениците и на наставниците, а секако, учениците и индивидуално учествуваат на натпревари под менторство на одреден професор.

Во нашето училиште, учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен

избор, но секогаш со поддршка од училиштето и наставниците. Клучната улога во планирањето на активноста ја имаат учениците, а наставниците се присутни како поддршка, да координираат и менторираат. Во зависност од видот на активноста, понекогаш ученикот се вклучува во активноста по препорака на наставникот кој ги препознал квалитетите и талентот на ученикот.

Во вонnаставните активности, не се прави дискриминација во однос на полот или етничката припадност на учениците.

Нашето училиште се гордее со меѓународните проекти во кои земаа учество наши ученици од различна етничка припадност и успешно ги реализираа. Од особена важност е да се истакне учеството на нашите ученици на многу натпревари, работилници и саеми преку кои имаат сопствена афирмација, а истовремено го афирмираат и нашето училиште. Доказ за тоа се големиот број награди, пофалници и благодарници кои ги имаат добиено, како резултат на нивната посветеност и вредна работа. Учениците покажуваат голем интерес за учество на разни манифестации и натпревари, на локално и национално ниво. Се посветува посебно внимание на промоција на вонnаставните активности. Се користат сите медиуми (радио, телевизија, социјални мрежи) за да се зборува за вонnаставните активности и за целите кои со нив се постигнуваат. Нашите ученици ја препознаваат важноста од вонnаставни активности, со голем интерес се вклучуваат во истите и успешно ги реализираат.

## АНАЛИЗА НА ПОДРАЧЈЕТО

Воспитно-образовниот процес во училиштето, сите наставници го реализираат преку сервирани наставни планови и програми од БРО и МОН. Тие целосно се реализираат по сите наставни предмети. Потребно е поголемо прилагодување на наставните планови и програми на карактеристиките на локалната средина.

Со наставните планови и програми и правните акти на училиштето, на учениците им се дава можност сами да изберат подрачје и предмети (изборни) кои ќе ги изучуваат. Исто така, учениците имаат избор и на проектни активности.

Со проектните активности се обезбедува полесно и побрзо напредување на учениците во одредени области, теми и содржини, како и воведување и усовршување во определени истражувачки техники и методи. Се изработуваат проекти во функција на задоволување на индивидуални едукативни потреби**.**

**Клучни силни страни:**

- достапни наставни планови и програми за наставниот кадар;
- слободен избор на предмети и подрачја за учениците;
- изготвени годишни глобални планови;
- реализација на проектните активности од сите ученици.

Во наставните планови и програми се вградени повеќе содржини и активности кои се однесуваат на културата и традицијата на локалната средина.




**Клучни слаби страни:**

- недоволно нагледни средства;
- потешкотии во изготвување на годишниот план и програма за деца со пречки во развојот, поради немање соодветна категоризација.

**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Обезбедување просторни услови за додатна и дополнителна настава, како и воннаставни активности;
- Инволвирање на локалната средина при изготвување на наставните планови и програми.

# Подрачје 2 - Постигнувања на учениците

Во ова подрачје на вреднување, направено е согледување на индикаторите:

**2.1 Постигнувања на учениците;**
**2.2 Задржување/осипување на учениците;**
**2.3 Повторување на учениците.**

| **ПОДРАЧЈЕ БР.2 ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ** | **ТЕМИ** |
| **2.1** | **Постигнувања на учениците** | ➢ **Следење на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност според наставните предмети, квалификациони периоди и јазикот на наставата**<br>➢ **Подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност и јазик на наставата**<br>➢ **Идентификација на учениците со потешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби**<br>➢ **Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава**<br>➢ **Следење на постигнувањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование**<br>➢ **Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците** |
| **2.2** | **Задржување / осипување на учениците** | ➢ **Опфат на учениците**<br>➢ **Редовност во наставата**<br>➢ **Осипување на учениците**<br>➢ **Премин на учениците од едно во друго училиште** |
| **2.3** | **Повторување на учениците** | ➢ **Ученици кои не ја завршуваат годината** |

## *2.1 Постигнувања на учениците*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Годишен статистички извештај;<br>- Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Дневник за работа;<br>- Дневник за водење на добиени награди;<br>- Извештаи од педагошко-психолошката служба. |

## АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Во училиштето, оценувањето, напредувањето и постигнувањата на учениците, секогаш се во центарот на вниманието и предмет на дискусија на сите стручни тела. За да ги подобри постигнувањата на учениците, училиштето користи разни форми и методи и спроведува повеќе активности. За послабите ученици организира дополнителна настава, а за талентираните, додатна и консултативна настава. Така, на учениците им се овозможува да усвојат определен дел од материјалот од програмите или да го прошират своето знаење во одредени области, со крајна цел- постигнување подобри резултати.

Дали и колку се ефективни формите кои ги користат наставниците, може да се види од повеќе показатели (признанија за постигнувањата, учество на натпревари,...).

Во двете учебни години се забележува големо учество на различни натпревари, речиси по сите предмети. Во продолжение, следи преглед на резултатите:

**Учебна 2021/2022 година**

**СОЦИОЛОГИЈА:** еден ученик со освоена II награда во ноември на Конкурс за награда Караманов за ученици од основно и средно училиште од општина Радовиш;
**МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК:** два ученика со учество на натпревар за најдобар есеј;
**ХЕМИЈА:** еден ученик со учество, пет ученика со пофалница и освоено III место на регионален натпревар, три ученика со учество на државен натпревар;
**ГЕОГРАФИЈА:** два ученика со освоена I награда, два- II награда и еден- III награда на општински натпревар, два ученика со освоена I награда, два- II награда и еден- III награда на регионален натпревар, три ученика се здобиле со пофалници на државен натпревар;
**БИОЛОГИЈА:** два ученика со освоени I и III награда на општински натпревар, освоена II награда и пофалница на регионален натпревар, освоена II и III награда на државен натпревар;
**АНГЛИСКИ ЈАЗИК:** освоени II и III награда на општински натпревар, освоена I и III награда и учество на регионален натпревар, како и учество на државен натпревар;
**МАТЕМАТИКА:** освоени II и III награда и пофалници на општински натпревар, II награда, учества и пофалници на регионален натпревар и учества на државен натпревар;
**ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК:** освоена III награда на интернационален онлајн натпревар;
**ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА СТРУКА:** учество на регионален натпревар и пофалници на државен натпревар;
**ИНФОРМАТИКА:** освоена III награда на регионален натпревар и III награда на државен натпревар;
**СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ:** освоена I награда на зонски натпревар во ракомет и освоена III награда на зонски натпревар во одбојка.

**РЕЗУЛТАТИ** од Образовното Рандеву на МАССУМ 2022, 06-07 мај, Велес

Со награди се стекнаа следниве екипи:

Прво место (златна плакета) за најдобар постер, за тимот ученици: Дарко Тодоров, Костантин Ѓозев, Кристијан Благоев, ментор: Верче Чапова;

Второ место (сребрена плакета) за најдобро интервју за работа - на англиски јазик, ученик: Васе Лазаров, ментор: Наташа Спасевска;

Трето место за најдобро јавно говорење - подготвен говор, ученик: Данче Накова, ментор: Катерина Диманова Јованова;

Трето место за најдобар филм, ученици: Никола Костадинов, Ристе Трајков, Виолета Василева, ментори: Катерина Диманова Јованова и Славица Атанасова;

Трето место за најдобар штанд од електро-техничката струка, ученици: Илија Димитриев, Радомир Димитриевиќ, Спасе Илиев, Кристијан Благоев, Петар Коцев, ментор: Дејан Милчевски.

**Учебна 2022/2023 година**

**МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК:** учества на поетска манифестација за деца и млади;
**ГЕОГРАФИЈА:** I награда на општински натпревар, I награда на регионален натпревар и пофалница на државен натпревар;
**АНГЛИСКИ ЈАЗИК:** освоени I, II и III награда на општински натпревар, I, II и III награда на регионален натпревар и III награда и учество на државен натпревар;
**БИОЛОГИЈА:** освоени I и III награда на општински натпревар, II награда и пофалница на регионален натпревар, I , II, III награда, пофалница и учество на државен натпревар;
**МАТЕМАТИКА:** освоени I, II и III награда и пофалница на општински натпревар, III награда и учество на регионален натпревар и III награда на државен натпревар;
**ИНФОРМАТИКА:** III награда и учество на регионален натпревар, III награда на државен натпревар;
**ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА СТРУКА:** учество и пофалница на регионален натпревар, учество на државен натпревар;
**СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ:** учество на зонски натпревар (женски) во футсал.

**РЕЗУЛТАТИ** од Образовното Рандеву на МАССУМ 2023, 5 мај, Гостивар

Со награди се стекнаа следниве екипи:

Прво место (златна плакета) за најдобро кариерно портфолио, ученик: Михаела Тадирова, ментор: Наташа Спасевска;

Второ место (сребрена плакета) за најдобро интервју за работа- на англиски јазик, ученик: Михаела Тадирова, ментор: Наташа Спасевска;

Второ место за најдобар постер на МАССУМ - ученици: Верица Поцева, Ана Коцева, ментор: Борче Алексов, Славица Атанасова;

Трето место за најдобро интервју за работа- на македонски јазик, ученик: Ана Бибовска, ментор: Даниела Ѓоргиева.

Учениците од стручното образование, соодветно според нивните стручни предмети, во текот на овие две учебни години, 2021/22 и 2022/23, својата практична работа ја реализираат по принципот на дуално образование во соработка со фирмите „Бучим“ и „Боров Дол“ Радовиш- за учениците од геолошко-рударската и металуршката струка, „Металпромет ДОО-Цветан“ и „Тргоинжинеринг“ Радовиш- за учениците од електротехничката струка, учениците од машинската струка во „30 Март“ и „Интерпласт“ Радовиш, а учениците од градежната струка во „Техноинжинеринг“, „Техника“, „Петров“ ДОООЕЛ, „Валаски Градба“ и „Жица Монт“ Радовиш. Со сите овие фирми е потпишан меморандум за соработка, со што имаме унапредување на воспитно-образовниот процес, преку предметот *Учење преку работа*, којшто се изучува само во стручното образование. Освен тоа, опремата од Училишната компанија (проект на УСАИД) се

користи за потребите на наставата, по предмети од металуршката струка. Во геолошко-рударската и металуршка струка, практичната настава е застапена со 34 часа, и тоа, во втора година – 6 часа, трета година – 6 часа и четврта година – 5 часа. Практичната настава во електротехничката струка е застапена со 5 часа во втора година, 6 часа во трета година и 4 часа во четврта година. Учениците во трета година имаат 10 дена феријална пракса.

Во учебната 2021/22 година е воведена машинската струка, со профил машински техничар, а во 2022/23 и градежната струка, со профил градежен техничар.

Дополнителната и додатната настава, која се организира и реализира од самиот почеток на учебната година, има свој ефект врз постигнувањата на учениците.

Учениците кои послабо напредуваат во совладувањето на наставниот материјал се најчесто оние коишто живеат во лоши социо-економски услови и/или во дисфункционални семејства, (деца на разведени родители, деца на родители алкохоличари итн.).

Секоја учебна година, во нашето училиште се запишуваат по неколку ученици со потешкотии во учењето и тие се вклучени во редовната настава. Овие ученици најчесто се запишуваат во стручните паралелки. Наставниците ги препознаваат особеностите на овие ученици и се трудат да го поддржат нивниот развој. За подобрување на нивниот успех, во текот на наставниот процес се применуваат следните форми на соработка:

- соработка меѓу училиштето и семејството;
- личен контакт на класниот раководител и предметните наставници со родителите;
- посета на родителскиот дом;
- повик за почеста посета на родителот во училиштето;
- соработка на родителот и ученикот со педагошко-психолошката служба.

Со овие секојдневни контакти и соработка му се овозможува на ученикот да ги надмине бариерите за слободно и непречено однесување во секојдневната комуникација и да биде сигурен во себе, а резултатите доаѓаат сами по себе- овие ученици редовно и успешно го завршуваат средното образование.

Во нашето училиште нема пишан документ ниту систем за идентификување и категоризацијата на учениците со посебни потреби (ПОП). Немаме ниту ученици категоризирани како ученици со ПОП. Меѓутоа, вработените ја следат и почитуваат визијата на нашето училиште предвидена во Годишната програма на училиштето и Прирачникот за инклузија во наставата, како резултат на учество на училиштето во Проектот за регионална поддршка за инклузивно образование. Сите вработени посетуваа обуки кои беа спроведени од Центарот за едукација - Скопје во соработка со Филозофски Факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј “- Скопје, во јуни 2015 година.

Работните задачи на наставниците во инклузивниот процес се:

- спознавање на индивидуалните потреби на секој ученик;
- планирање и подготвување на наставата;
- препознавање и справување со посебните потреби на ученикот;
- дидактичко структурирање на содржините;
- поттикнување и насочување на интерес кај ученикот со ПОП;
- развивање и јакнење на интерперсоналните односи на децата врсници кон ученикот со ПОП;

- почитување на личноста на секој ученик;
- следење, проверување и оценување на развојот и напредокот на секој ученик;
- постојано работење на свое лично стручно усовршување, посетување семинари, работилници, користење интернет ресурси и сл.

Придобивките од инклузивниот процес за децата со пречки во развојот се многубројни: се поттикнува развој, чувство на сигурност, задоволство и самопочитување кај учениците; се развива способност за комуникација и изразување на своите потреби, желби и намери; се развива чувство за потребите на другите; се подобрува емоционалната контрола и социјализација.

Бенефитот од инклузивниот процес за децата без пречки во развојот е: прифаќање на различностите како нормалност; развој на вредносниот систем базиран врз позитивното искуство со децата со ПОП; развој на чувство за потребите на другите; развој на соработка и солидарност во детскиот колектив.

Учениците со ПОП не се само деца кои имаат пречки во развојот, туку сите деца кои од разни причини имаат потешкотии во совладување на наставното градиво (UNESCO, 1997).

ИНДИВИДУАЛЕН ОБРАЗОВЕН ПЛАН е инструмент (пишан документ) со кој се обезбедува прилагодување на образовните програми за децата со потешкотии во развојот според нивните можности и потреби. Истиот содржи: детален опис на моменталното ниво на функционирање на детето; природата на проблемот кај детето, активности што ги презема училиштето (што обезбедува, ресурси т.е. луѓе, специфични програми/активности/помагала), цели (точно обмислени, конкретни, временски достижни и реални), поддршка од родителите, медицински потреби, извештаи и податоци.

На крајот на учебната 2021/22 година, на поправен испит се упатени вкупно 5 ученици, од кои 4 со 2 слаби и 1 ученик со 1 слаба оценка. Сите овие ученици успешно ја завршиле годината. На крајот на учебната 2022/23 година, на поправен испит се упатени 12 ученици, од кои 7 со 1 слаба и 5 ученици со 2 слаби оцени. Од нив, 7 ученици не ја завршиле оваа учебна година.

Учениците имаат право и на вонредно школување, кадешто по вонреден пат ги пријавуваат и полагаат испитите по предмети, а исто така и се пријавуваат за полагање на матурскиот испит, по свој избор на предмети и сесии.

Во однос на хоризонталното движење на учениците во текот на образованието, доколку ученикот ја промени својата желба за избор на своето образование, може да ја промени својата насока, со полагање на диференцијалните предмети, со одлука на наставнички совет. Во просек по учебна година, вакви случаи се појавуваат најчесто во прва година, и тоа, на самиот почеток-премин од гимназиско во стручно, и обратно. За случаите од повисоките години, со поднесено барање од страна на ученикот, одобрување на истото од страна на Наставнички совет и полагање на диференцијалните испити предвидени според програмата, ученикот има хоризонтална проодност.

Во однос на вертикално движење на учениците во училиштето, доколку некој ученик покажува посебен интерес и афинитети, континуирано одличен успех, редовност во наставата, активно учество на натпревари, на Наставнички совет, по барање на ученикот, се дозволува ученикот забрзано да го заврши образованието. Според архивата на педагошката служба, во овие две учебни години не е забележан таков ученик, додека во претходните, се појавуваат еден до двајца ученици.

Секој стручен актив изработува посебна програма за талентирани ученици, која е наменета токму за овие ученици, за да им се овозможи таа вертикална проодност.

**Просечен успех на учениците во текот на двете учебни години.**

| | 2021/2022 | 2022/2023 |
|---|---|---|
| Гимназиско образование на македонски наставен јазик | 4,06 | 4,11 |
| Гимназиско образование на турски наставен јазик | 3,30 | 3,59 |
| Геолошко-рударска и металуршка струка на македонски наставен јазик | 2,71 | 2,59 |
| Електротехничка струка на македонски наставен азик | 3,01 | 3,12 |
| Електротехничка струка на турски наставен јазик | 2,5 | 2,72 |
| Машинска струка на македонски наставен јазик | 2,78 | 2,47 |
| Градежна струка на македонски јазик (дуална паралелка) | / | 2,91 |

Од направената анализа за успехот на учениците во двете учебни години, се гледа дека учениците од гимназиско образование на македонски јазик покажуваат најдобри резултати.

| **Просечен успех на учениците на ниво на година** | | |
|---|---|---|
| | **2021/2022** | **2022/2023** |
| **I** | 3,34 | 3,50 |
| **II** | 3,51 | 3,29 |
| **III** | 3,35 | 3,43 |
| **IV** | 3,52 | 3,57 |

Од табелата се забележува дека во учебната 2022/2023 година во прва, трета и четврта година има подобар успех, а во втора година успехот е намален во однос на претходната учебна година.

| **Просечен успех на учениците по етничка припадност** | | |
|---|---|---|
| *Националност* | 2021/2022 | 2022/2023 |
| Македонска | 3,17 | 3,19 |
| Турска | 2,96 | 3,16 |

Од анализата за двете учебни години, се забележува разлика во средниот успех помеѓу ученици од различни националности- учениците од турска националност покажуваат послаб успех од учениците од македонска националност, но таа разлика не е многу голема.

## *2.2 Задржување / осипување на учениците*

| **Извори на податоци** | - Годишен статистички извештај на училиштето;<br>- Главна книга од завршни испити; |
|---|---|
| | - Записници;<br>- Усни разговори со педагошко - психолошката служба; |
| | - Податоци од педагошка евиденција;<br>- Усни разговори со класните раководители; |
| | - Годишна програма;<br>- Статут на училиштето;<br>- Записник од наставничките совети на училиштето;<br>- Записник од училишниот одбор. |

# АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

**Запишани и завршени ученици-вкупно**

| Учебна година | Вкупно запишани ученици | | | Завршени ученици | | | Број на пар. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2021/2022** | **512** | **275 м** | **237 ж** | **483** | **254 м** | **229 ж** | **32** |
| **2022/2023** | **482** | **260 м** | **222 ж** | **470** | **247 м** | **223 ж** | **32** |

**Запишани и завршени ученици-припадници на турска националност**

| Учебна година | Вкупно запишани ученици на турска националност | | | Завршени ученици | | | Број на пар. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2021/2022** | **113** | **59 м** | **54 ж** | **94** | **47 м** | **47 ж** | **7** |
| **2022/2023** | **118** | **54 м** | **64 ж** | **91** | **44 м** | **57 ж** | **8** |

Од направената анализа за двете учебни години, се гледа дека бројот на запишани ученици е поголем во втората година и вкупниот број на паралелки е за една повеќе во однос на претходната учебна година.

**Ученици кои завршиле средно образование во двете учебни години**

| | | Државна матура | | Училишна матура | | Завршен испит | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | м | ж | м | ж |
| **2021/2022** | **Македонски** | **52** | **49** | **2** | **/** | **/** | **2** |
| | **Турски** | **7** | **3** | **1** | **/** | **/** | **1** |
| **2022/2023** | **Македонски** | **56** | **51** | **/** | **/** | **8** | **3** |
| | **Турски** | **4** | **17** | | **/** | **6** | **1** |

Од направената анализа за учениците кои завршиле средно образование во двете учебни години, заклучуваме дека поголем број од учениците полагале државна матура.

**Направени изостаноци во текот на двете учебни години**

| | оправдани | неоправдани | вкупно | број на ученици | просек |
|---|---|---|---|---|---|
| **2021/2022** | **21073** | **2905** | **23978** | **483** | **49,6** |
| **2022/2023** | **22989** | **3195** | **26184** | **470** | **55,7** |

Се забележува пораст во вкупниот број изостаноци, а расте и бројот на изостаноци по ученик.

Осипувањето на учениците претставува негативна појава во педагошко-психолошката пракса. Причините поради кои учениците го напуштаат училиштето се многубројни и различни:

- иселување на родителите и барање егзистенција во друга држава;
- префрлање во друго училиште;
- ученици кои потекнуваат од семејства со нарушени семејни односи.

Осипувањето на учениците не е поврзано со половата и етничка припадност. Училиштето се обидува да ги задржи учениците во училиштето со директни разговори со учениците и со родителите/старателите.

Класниот раководител, во однос на незадоволителното поведение, ја известува педагошката служба, која стапува во контакт со родителите. За жал, има родители кои не одговараат на поканите на службата. Педагошко-психолошката служба, заедно со класниот раководител, преку директни разговори со ученикот, ги дознава причините за негативниот однос на ученикот кон наставата. Најчеста причина за незаинтересираноста на ученикот да остане во училиштето е незаинтересираниот однос на неговите родители кон него. Ваквите родители ретко присуствуваат на родителски средби. Овие ученици се недоволно сигурни во себе и успехот да ги задржиме во училиштето изостанува. Секогаш шансите да се задржат учениците во училиштето се поголеми кога родителите покажуваат поголем интерес за нив.

Процентот на ученици кои ја завршуваат годината е во постојан раст. Во училиштето постојат пропишани процедури за идентификување и анализирање на причините за повторување на учебната година и училиштето презема навремени мерки за намалување на бројот на таквите ученици. Во однос на ова, се забележува дека значително се намалува бројот на ученици кои ја повторуваат годината. Училиштето ги запознава и учениците и родителите со политиката за напредување, активностите што ги презема и со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година, пропишани во Статутот.

## *2.3 Повторување на учениците*

**Ученици кои го напуштиле училиштето**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021/2022 | м | 10 | ж | 5 | Вкупно | 15 |
| 2022/2023 | м | 8 | ж | 2 | Вкупно | 10 |

Една од главните причини за големото напуштање на училиштето е семејното иселување во странство.

**Ученици кои се отстранети од училиштето**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021/2022 | м | 4 | ж | 3 | Вкупно | 7 |
| 2022/2023 | м | 3 | ж | 0 | Вкупно | 3 |

| **Број на ученици кои ја повторувале годината** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2021/2022 година | | 2022/2023 година | |
| Македонска националност | м | ж | м | ж |
| | 0 | 0 | 1 | 0 |
| Турска националност | м | ж | м | ж |
| | 0 | 0 | 6 | 0 |

Во двете учебни години, забележително е отстранување на ученици од женски пол, а најчеста причина, според педагошката евиденција, е големиот број на неоправдани изостаноци и непочитување на Кодексот на училиштето.

Во учебната 2022/2023, забележително е повторувањето на ученици од машки пол.

## АНАЛИЗА НА ПОДРАЧЈЕТО

Од анкетата спроведена со ученици, родители и наставници од училиштето, може да се заклучи дека:

- Наставниците објективно и редовно го следат успехот на секој ученик, водејќи ученичко портфолио за секој ученик. Тие подеднакво ги спроведуваат критериумите за оценување во секоја паралелка, независно од составот на учениците и етничката припадност;

- Во училиштето се организира дополнителна настава за учениците кои имаат потешкотии во учењето. Наставниците редовно ги следат учениците со слаб успех и нередовност во наставата, се преземаат соодветни педагошки мерки и се упатуваат на дополнителна настава. Учениците не се многу заинтересирани за дополнителна настава, не присуствуваат, па, оттука, постои простор за подобрување на реализацијата на дополнителните часови;

- Се организира и додатна настава за учениците со значителни постигнувања. Наставниците ги откриваат талентираните ученици, со нив одржуваат додатни часови за проширување и дополнување на нивното знаење, ги поттикнуваат, мотивираат и ги подготвуваат за натпревари. Потоа, овие ученици постигнуваат одлични резултати на регионално и на државно ниво;

- Училиштето организира активности (наставни и воннаставни) за континуирано подобрување на постигнувањата на ученици од различен пол, етничка припадност и јазик на настава;

- Учениците со посебни образовни потреби се оценуваат според посебно изготвена програма од страна на предметните наставници. Наставниците ги забележуваат учениците со посебни образовни потреби, постојано ги следат и со нив работат според посебно изготвена програма;

- Учениците од турска националност и учениците во паралелките од стручно образование покажуваат послаб успех. Во учебната 2021/22 година, средниот успех на учениците е 3,07, а во учебната 2022/23 година, просекот на учениците е 3,18. Споредбено, подобар е успехот во 2022/23 година. Успехот кај учениците од турската националност во учебната 2022/23 е 2,96, а во 2022/23 е 3,17;

- Само во учебната година 2022/23, седум (7) ученика не ја завршиле годината, а претходната година сите успешно поминале;

- Осипувањето на учениците не е поврзано со половата и етничката припадност. Учениците кои го напуштаат училиштето потекнуваат од семејства со нарушени семејни односи или нивните родители се иселуваат во друга држава.

**Клучни силни страни:**

- објективно и редовно следење на успехот на учениците од страна на наставниците, кои водат ученичко портфолио за секој ученик;

- високи постигнувања на учениците кои учествуваат на различни натпревари на регионално и државно ниво;

- училиштето ги подобрува постигнувањата на учениците преку организирање дополнителна настава и додатна настава;

- нема разлика во постигнувањата на учениците од аспект на полова и етничка припадност;

- се намалува бројот на ученици кои ја повторуваат учебната година.

Наставниците објективно и редовно го следат успехот на учениците, водејќи ученичко портфолио за секој ученик.



**Клучни слаби страни:**

- послабо одржување на дополнителна настава- не постојат доволно можности за временско усогласување на дополнителните часови со редовната настава;
- на ниво на училиште, има голем број изостаноци;
- одреден број ученици го напуштаат училиштето, по различен основ.

Наставниците редовно ги упатуваат учениците со потешкотии во учењето на дополнителна настава.




**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Подобрување на реализацијата на дополнителната настава;
- Преземање мерки и активности за намалување на бројот на изостаноците;
- Преземање мерки и активности за намалување на бројот на ученици кои го напуштаат училиштето.

# Подрачје 3 - Учење и настава

Во ова подрачје на вреднување, направено е согледување на индикаторите:

**3.1. Планирање на наставниците;**
**3.2. Наставен процес;**
**3.3. Искуства на учениците од учењето;**
**3.4. Задоволување на потребите на учениците од наставата;**
**3.5. Оценување како дел од наставата;**
**3.6. Известување за напредокот на учениците.**

| ПОДРАЧЈЕ БР.3 УЧЕЊЕ И НАСТАВА | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ** | **ТЕМИ** |
| **3.1** | **Планирања на наставниците** | ➢ Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>➢ Индивидуални планирања на наставниците<br>➢ Размена на искуства и информации при планирањето<br>➢ Распоред на часови |
| **3.2** | **Наставен процес** | ➢ Наставни форми и методи<br>➢ Употреба на ИКТ во наставата<br>➢ Избор на задачи, активности и ресурси<br>➢ Приодот на наставникот кон учениците<br>➢ Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>➢ Следење на наставниот процес |
| **3.3** | **Искуства на учениците од учењето** | ➢ Средина за учење<br>➢ Атмосфера за учење<br>➢ Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>➢ Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| **3.4** | **Задоволување на потребите на учениците** | ➢ Идентификување на образовните потреби на учениците<br>➢ Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| **3.5** | **Оценувањето како дел од наставата** | ➢ Училишна политика за оценување<br>➢ Методи и форми на оценување<br>➢ Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **3.6** | **Известување за напредокот на учениците** | ➢ Известување на родителите за напредокот на учениците |

## *3.1 Планирање на наставниците*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Годишни тематски планирања и подготовки за наставен час;<br>- Интерна процедура за планирањето на наставниците;<br>- Евидентни листови/инструменти за следење на планирањето на наставниците;<br>- Записници од состаноци на стручните активи. |

# АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Наставниците се одговорни за реализацијата на наставниот процес. Тие се задолжени да ја испланираат наставната програма за тековната учебна година и тоа: во глобален план, тематски- за секоја тема посебно и оперативен план-подготовка за секој час. Сите наставници имаат подготвени годишни, тематски планирања и подготовки за наставен час. Планирањата на наставниците содржат јасни насоки за тоа што се очекува учениците да научат, како и кога. Наставниците планираат, во рамките на стручните активи, разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примената на ИКТ и остваруваат регионална соработка со други училишта. Содржините се распоредени по години, по различни програмски и научни области и поттеми. Притоа, се применуваат принципите за постепеност, корелација и адекватност на возраста на учениците.

Училиштето ја следи работата на наставниците. Тие се обврзани, на почетокот од учебната година да достават годишен глобален план кај директорот на училиштето, во електронска и печатена форма. Тематските планови се приложуваат, исто така, веднаш или по завршената тематска област од сите предмети застапени во гимназиското реформирано и стручно образование. Така, директорот има увид и пристап во работата на сите наставници вклучени во воспитно-едукативниот процес во училиштето.

И педагошката служба е вклучена во следењето на образовниот процес, со селективни посети на часовите на наставниците, заедно со директорот на училиштето, со цел унапредување и контрола на воспитно-образовните содржини, за постигнување подобри резултати на училиштето.

Училиштето им помага на наставниците за поефикасно планирање со наставните програми од Министерството за образование и наука и со наставните програми, планирања и упатства од Бирото за развој на образованието. Со овие програми како основа, секој наставник го планира годишниот план за работа. Наставниците ги користат горенаведените методи, но внесуваат и нови методи кои произлегуваат од разните проекти коишто предвидуваат посовремен и прагматичен пристап кон наставните содржини и сеопфатно вклучување на учениците и сите други релевантни фактори во нивното поефикасно реализирање. Од особена важност е и интеграцијата на еколошката едукација во македонскиот образовен систем. Според неа, сите наставници во своите годишни и тематски планирања вметнуваат точки на акција од оваа програма и истите ги реализираат во текот на учебната година, како би ја развиле еколошката свест кај учениците. Преку ова, нашето училиште ја има усвоено заштитата на животната средина и еколошката едукација како една од основните вредности во својот развој и управување.

Распоредот на часовите го прави стручно лице во соработка со стручната служба и со наставниците, според просторните можности, почитувајќи го најдобриот интерес на детето.

## *3.2 Наставен процес*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Годишни тематски планирања и подготовки за наставен час;<br>- Интерна процедура за планирањето на наставниците;<br>- Евидентни листови /инструменти за следење на планирањето на наставниците;<br>- Записници од состаноци на стручните активи. |

## АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Квалитетот и трајноста на знаењата, умеењата, вештините и навиките на учениците многу зависат од принципите, формите, новите методи и средствата кои се користат во воспитно-образовниот процес. Од тие причини, современата настава претпоставува насоченост кон остварување на задачи и содржини со максимално-можна мисловна активност на учениците, научност, соодветност, постапност, систематичност. Најголем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи што соодветствуваат на потребите на учениците.

Со адекватна примена на сите наставни форми, методи и средства, чијашто вредност ја потврдиле современата практика и методика на наставните предмети, особено се истакнуваат: дијалошката, текстуално-графичката, демонстративната и фронталната работа со приод на програмските содржини, со методите на индукција и дедукција.

Притоа се применуваат:

- разни видови групна работа;
- индивидуална, самостојна работа на ученикот;
- демонстрација, излагање разни трудови од учениците (ѕиден весник, слики, графикони и сл.);
- практична настава во кабинети, со компјутери, медијатека, библиотека и др.;
- посета на ликовни галерии, театар, културни знаменитости во Републиката и градот, културни манифестации и сл.

Наставниците користат различни форми на интеракција со учениците во реализацијата на наставната материја, за нејзино поцелосно и подетално запознавање од научен аспект. Тие редовно ги споделуваат целите за реализација на еколошките проекти и точките на акции од воспоставените еко-стандарди.

Во училиштето, сите ученици имаат еднаков третман: при проверката на усвоени знаења, испрашување, изработка на домашни задачи, обработка на прочитана лектира, демонстрација на опити, изработка на проекти од разни предмети во наставата и надвор од неа, дебати, истражувања итн.

Најголем дел од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата и истите ги употребуваат во реализација на наставните програми.

Стереотипи за машки и женски активности не постојат. Сите ученици подеднакво се вклучени во сите сфери на воспитно-образовниот процес, во разни спортски активности, проектни активности и сл.

Во поглед на професијата, денешната младина нема предрасуди ниту стереотипи во креирањето на својата иднина, барајќи подобра и поперспективна професија, како виза за успех и прогрес во општеството и животот. Меѓутоа, очигледно е и влијанието од родителите, кои сметаат дека нивните деца ќе постигнат поголем успех ако изберат високоплатена професија.

Работата на наставниците во училиштето активно се следи од страна на педагошката служба и директорот на училиштето. Тие редовно вршат увид во наставата со посета на часовите. Со тоа, придонесуваат во успешното спроведување на програмските содржини, а со конструктивните забелешки и дискусии со наставниците, помагаат за поуспешно реализирање

и унапредување на наставата. Контролата се врши неколку пати во текот на учебната година, со цел да се поттикнат наставниците во ажурноста и почитувањето на работните обврски, како и да се добие пореална слика и оцена за нивниот успех во едукативниот и воспитниот процес. Во учебната 2022/2023 година, беше спроведена интегрална евалуација, преку која беше проследена работата на наставниот кадар, работната атмосфера во училиштето, корелацијата наставник-ученик, како и соодветноста на наставните методи и форми кои се користат во наставниот процес.

### *3.3 Искуства на учениците од учењето*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Годишен извештај за работа на училиштето;<br>- Годишни глобални планирања;<br>- Тематски планирања;<br>- Анкета за учениците;<br>- Увид во евиденцијата на стручната служба. |

## АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Најголем стимул за учениците е солидниот успех кој резултира од добро совладаната наставна материја и ќе им обезбеди посигурен успех при полагањето на завршниот матурски испит и приемен испит за студиите. Училиштето ги наградува учениците со континуиран одличен успех во четиригодишното образование со книги, пофалници и други награди. Важно е учениците да се стимулираат со воведување на вакви и слични наградувања, како поттик за подобри резултати и за поголем просперитет во понатамошното образование.

Во училиштето, трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и во училиштето), почитувајќи естетски норми, на различни начини:

- изработка на ѕиден весник со творби од обласна на пишаниот збор;
- изложба на ликовни творби, цртежи, изложба на предмети, графикони и сл.

Учениците се поддржуваат во самостојната работа и личната одговорност во разни натпревари што се одржуваат на регионално и државно ниво. Резултатите од ваквите натпревари се солидни, бидејќи учениците постигнуваат високи резултати со многу освоени, I, II, III места на државно ниво. Најчесто, учениците добиваат пофалници и стипендии како награда за вложениот труд и постигнатите резултати, а исто така, учениците кои имаат освоено едно од првите три места од државни и меѓународни натпревари, добиваат еднократна финансиска награда од Комисијата за образование, култура и спорт, која функционира во склоп на Советот на општина Радовиш. Организатор на овие натпревари се друштвата по македонски јазик, математика, географија, странски јазик, хемија, под контрола на Бирото за развој на образованието.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Анкета за учениците;<br>- Разговори со ученичката заедница;<br>- Годишен глобален план за работа на наставниците. |

## АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Образовните потреби на учениците се идентификуваат од секојдневното следење на постигнатите резултати во едукацијата, кои се одраз и релевантен показател на совладаната наставна материја и содржини што се реализираат по сите предмети и програми.

Според пројавените тешкотии во учењето и покажаните недостатоци во знаењата на одделни ученици, наставникот благовремено формира дополнителна настава. За работата со секоја група вакви ученици, наставниците изготвуваат посебна програма, план за работа со поедноставни примери, со соодветен дидактички материјал и наставни средства што ќе го олесни учењето на послабите ученици. Оваа настава престанува откако учениците ги совладаат појавените недостатоци и тешкотии во одредени содржини и предмети, но и понатанаму будно се следат и им се помага индивидуално. Анализата покажува дека дополнителната настава се поретко се реализира, поради оптовареноста на учениците со голем број часови и наставни содржини.

Додатната настава се организира за талентирани ученици со натпросечни знаења и способности, кои се заинтересирани за проширување или продлабочување на знаењата во сите сегменти на програмските содржини. Учениците самостојно се определуваат за додатна настава, која мора да се насочи и програмира во текот на целата учебна година, со конкретни програми од страна на наставникот. Специфичноста на додатната настава се состои во примената на најпогодни форми и методи на работа, кои максимално ќе ги активираат сите потенцијали на учениците.

Наставникот е стручен соработник кој им помага на учениците да дојдат до одредени сознанија, заклучоци, генерализации, па и откритија. Наставниците добиваат стручна помош и поддршка на разни семинари, организирани на регионално и државно ниво. Наставниците се едуцираат и унапредуваат за едукативниот процес, преку разни проекти кои ги организираат невладини организации, со препорака на Бирото за развој на образованието. Така подготвени, наставниците можат да одговорат на потребите на сите современи образовни трендови и индивидуалните потреби на учениците во воспитно-образовниот процес во училиштето.

### *3.5 Оценувањето како дел од наставата*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Глобални планови;<br>- Правилник за оценување и напредување на учениците;<br>- Стандарди за оценување;<br>- Анкети;<br>- Интервјуа;<br>- Евиденција на наставниците за остварените средби и соработката со родителите. |

## АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Оценувањето и следењето на работата, успехот и развитокот е задолжителен дел на воспитно-образовниот процес. Оценката претставува резултат на запознавањето, следењето на развојот и вреднување на знаењата, умеењата, вештините, навиките, задолженијата и активностите на учениците. Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување. Методи кои се користат во оценувањето се :

- усно проверување, редовно во текот на секојдневното работење на часовите, покомплексно-периодично по утврдување на големи тематски (логички) целини, извршени вежби, активности, тримесечно, полугодишно, годишно;
- писмено проверување: писмени работи во училиштето, домашни писмени задачи и трудови на ученикот;
- проверување и утврдување со помош на контролни задачи, тестови на знаења од заокружена тема и сл.

Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувања.

Критериумите за оценување се прилагодуваат на способностите на учениците, нивото на знаење, нивните работни навики, смерови во училиштето (стручните), успехот постигнат во текот на школската година или претходните години на образование. Тоа е особено евидентно во стручните паралелки коишто апсорбираат ученици со послаби предзнаења и слаб успех од основното училиште. Бидејќи помалку се залагаат во совладувањето на наставната материја во едукативниот процес, тоа подразбира исклучително флексибилен критериум во оценувањето од наставникот, како и индивидуална помош низ формите на дополнителната настава.

### *3.6 Известување за напредокот на учениците*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Увид во педагошката евиденција и документација;<br>- Анкети и интервјуа со родителите;<br>- Евиденција на наставниците за остварените средби и соработката со родителите;<br>- Статут на училиштето;<br>- Електронски дневник. |

## АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите и учениците перманентно добиваат информации за напредокот на ученикот во текот на тековната година и тоа:

- ученичко досие коешто се изготвува на крајот на првото тримесечје, прво полугодие и на крајот на школската година;
- школски информации со кои се информираат учениците и родителите за успехот и поведението на учениците на првата професорско – родителска средба во прво тримесечје;
- евидентни листови коишто го презентираат постигнатиот успех на ученикот во прво тримесечје, прво полугодие, второ тримесечје, второ полугодие и на крајот на школската година;
- свидетелства од завршената школска година, како документ за завршено образование во тековната школска година и постигнатиот успех во истата.

Освен горенаведените начини, родителите се информираат за напредокот на своите ученици и на отворените денови на училиштето, кои во суштина претставуваат индивидуални родителски средби на родителот и предметниот наставник. Родителот, при посета на училиштето, по индивидуална желба или на покана од педагошката служба, има увид во е-дневникот, од каде се информира за успехот и поведението на своето дете.

Училиштето редовно организира наставничко-родителски средби, според Статутот за работењето на училиштето во тековната школска година и тоа:

- заедничка средба на наставниците со родителите на училишно ниво, каде се добиваат информации за сите струки, насоки, профили на образование, матура, куќен ред и дисциплина во училиштето и др.
- две во текот на првото полугодие;
- две во текот на второто полугодие.

На овие средби, класниот раководител, претседателот на класната заедница и родителите дискутираат за клучни прашања релевантни за успехот и поведението на учениците поединечно и на класот во целина.

# АНАЛИЗА НА ПОДРАЧЈЕТО

Воспитно-образовниот процес во училиштето се реализира со однапред подготвени наставни планови и програми усогласени и одобрени од Министерството за образование и наука. Едукативниот процес ефикасно се остварува со вклучување на сите наставници, со примена на широка палета методи и форми за поуспешно реализирање на наставните програми. Соработката и интеракцијата ученик-професор се на високо ниво. Оценувањето е правично и базирано на утврдени критериуми. Родителите постојано добиваат информации за успехот и поведението на учениците. Потребно е да се посвети поголемо внимание на дополнително опремување на кабинетите, со цел тие да бидат поттикнувачка средина за учење.

**Клучни силни страни:**

- најголем дел од наставниците се обучени за користење на ИКТ во наставата и истите ги употребуваат за реализација на наставните програми;
- наставниците користат различни методи и инструменти за оценување, со цел да го поддржат учењето на секој ученик;
- родителите редовно добиваат информации за успехот и поведението на учениците;
- не постои дискриминација по ниеден основ –полова, етничка, верска, социјална итн.



**Клучни слаби страни:**

- училниците и другите простории  во училиштето не се стимулирачка и мотивирачка средина за учење.




## Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Поголема комуникација со Бирото за развој на образованието, со цел наставниците да учествуваат во изготвувањето на наставните планови и програми, како директен реализатор на истите;
- Ставање поголем акцент на опремување и уредување на кабинетите, училниците и другите простории во училиштето, за да бидат стимулирани и мотивирани учениците за учење.

# Подрачје 4 - Поддршка на учениците

Во ова подрачје на вреднување, направено е согледување на индикаторите:

**4.1 Севкупна грижа за учениците;**
**4.2 Здравје;**
**4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците;**
**4.4 Следење на напредокот.**

| ПОДРАЧЈЕ БР. 4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ** | **ТЕМИ** |
| **4.1** | **Севкупна грижа за учениците** | ➢ Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>➢ Превенција од насилство<br>➢ Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>➢ Квалитет на достапна храна<br>➢ Поддршка на учениците со пречки во развојот/ физичка попреченост<br>➢ Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| **4.2** | **Здравје** | ➢ Хигиена и заштита од болести<br>➢ Грижа за учениците со здравствени проблеми |
| **4.3** | **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | ➢ Давање помош при избор на занимањето/ институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>➢ Грижа за учениците со емоционални тешкотии |
| **4.4** | **Следење на напредокот на учениците** | ➢ Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>➢ Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

## *4.1 Севкупна грижа за учениците*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Полугодишни и годишни извештаи;<br>- Извештаи од санитарни инсекциски надзори;<br>- Договори со осигурителни компании;<br>- Наставни планови и програми;<br>- Правилник за заштита при елементарна непогода;<br>- Елаборат за заштита при работа;<br>- Кодекс за ученици, наставници и родители;<br>- Еко проекти;<br>- Училишен Инклузивен тим;<br>- Училишен тим за превенција од насилство;<br>- Општински совет за превенција на детско престапништво во општина Радовиш;<br>- Анкети, интервјуа и записници; |

| | |
|---|---|
| | - Извештаи од реализирани активности од МИО и др.;<br>- Интерни работилници за превенција од насилство, булинг, трговија со луѓе и сл.;<br>- Програми за соработка со владини и невладини организации - МВР, ЗД – Радовиш, Црвен Крст-Радовиш, ЦПЛИП „Порака“ и др.;<br>- Стипендии (талентирани, ученички додаток за социјални категории, дуални стручни програми), хуманитарни акции и сл. |

## АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

4.1.1 Наставата се изведува во една училишна зграда изградена од цврст градежен материјал со задоволителни безбедносни стандарди. Располага со шест излез – влез сегменти и сопствена скривница. Ходниците се прави и пространи и низ нив слободно се движат учениците и вработените. Истите се опремени со ППА апарати и хидранти. Долж ходниците се среќаваат визуелни, сликовити помагала и нацрти на просторни делови. Ходниците и дворот се под видео надзор. Училниците, кабинетите и канцелариските простории се пространи и истите се стандардни за престој на повеќе лица. Училишниот двор речиси ја обиколува зградата и се состои од тревна површина и парк изработен според ЕКО – стандарди, спортски терени и игралиште (опремени и обележани) за потребите на наставата по спорт и вонннаставни активности. Изградено е мултифункционално спортско игралиште. Целиот училишен простор е ограден со бетонски ѕид, железна ограда и три влезни порти (две за централните влезови и една за споредниот влез). Училишниот мебел и помагала соодветствуваат на училишните стандарди и возраста на учениците. Преостанатиот дел од инфраструктура на училиштето постојано се обновува и заменува, според пропишаните стандарди и потреби на наставата.

Училиштето располага со интерен нацрт-план за евакуација при елементарни непогоди, според кој се изведуват вежби со симулации за евакуација при елементарни непогоди. Наставниците се обучени за заштита при работа и укажување прва помош. Училиштето има елаборат и назначено лице за БЗР.

Училиштето секоја учебна година склучува договор со осигурителна компанија преку која се врши колективно осигурување на учениците од незгоди. Осигурувањето за учениците од стручните паралелки е задолжително, поради часовите на работа кај работодавач. Изборот на осигурителната компанија го врши Советот на родители. Вработените имаат можност за колективно осигурување по индивидуален избор.

4.1.2 Преку повеќе пишани форми и активности, (во форма на проекти, работилници и предавања) учениците се запознаваат со нивните елементарни права и обврски, во рамките на наставата и секојдневниот живот (вовед во право, граѓанско образование, ОЖВ, проектни активности и слободни часови на училиштето) и вонннаставните активности во соработка со владини и невладини организации (локални и меѓународни).

Во секоја училница и во ходниците, поставен е Кодексот на однесување, во кој се наведени очекувани правила на постапки кои се усогласени со законските норми, интерни акти и конвенциите за човекови права. Непочитувањето и кршењето на истите, води до изрекување на соодветни педагошки мерки. Нивната примена се очекува да делува воспитно и да се коригира поведението. Истите можат да се повлечат ако педагошката мерка ја постигнала целта и делувала воспитно.

Во изминатиот период, не е еведентиран конфликт на меѓуетничка основа, ниту пак се добиени укажувања за некаков облик на нетолеранција и дискриминација. Од анкетните

податоци, се гледа дека голем број родители сметаат дека нивното дете не е изложено на дискриминација. Училиштето работи на одржливост на веќе реализирани проекти и нивна имплементација, како и на учество во нови. Училиштето има Тим за превенција од насилство и учествува во Општински совет за превенција на детско претстапништво.

За поуспешна едукација на учениците, училиштето соработува и со компетентни надворешни соработници. Заеднички, се организираат советодавно-информативни трибини, предавања, се споделуваат информативни материјали и брошури, со цел поголема информираност и достапност до сите ученици.

4.1.3 Училиштето има пропишани правила со кои се забранува пушење, консумирање и дистрибуција на алкохол и наркотични средства. Правилата се во согласност со законските норми и возрасната граница на учениците. Секое нивно прекршување повлекува и конкретни педагошки мерки. Училиштето преку разновидни облици ( материјали од ОЖВ, работилници, предавања и сл.) на активности ги потсетува учениците на штетноста од консумирањето на било која од наведените супстанци. Делот со употребата на цигарите е во послаба контрола, за разлика од акохолот и другите опијати, за кои најголем дел се изјаснуват дека не им се достапни во училишниот простор.

4.1.4 Училиштето работи во две смени, почнувајќи од 7 часот до 19:20 часот. Помеѓу секој час има пет минути пауза, освен на вториот одмор, во 9:05 и 15:05 часот, кога истиот трае 20 минути, односно, 15 минути во втората смена. Овој временски интервал, поголем дел од учениците го користат како време за ужина. Во рамките на училиштето, учениците немаат организирано достава на храна. Истата ја носат од дома или ја набавуваат во околните продавници, млечни ресторани и сендвичарници. Во текот на годината, училиштето прибира информации од надлежните служби при ЕЛС и ХЕС за квалитетот на храната и хигиенско-здравствените услови на објектите и вработените кои ја продаваат истата. Училиштето ја реадаптира аулата во простор за исхрана на учениците, со што се обезбедува место за исхрана на учениците. Ова не исклучува училиштето да работи на изнаоѓање ново решение за ова прашање.

4.1.5 Училишната зграда е сместена во рамничарскиот дел на општината со поволен комуникациски приод. На влезот во зградата има соодветен пристап за инвалидски помагала. Внатре, училишните скали се со благ наклон и оградени со ограда. Во училиштето, има адаптиран тоалет за лица со телесен инвалидитет. Кај дел од учениците, како резултат на телесни повреди и скршеници, се појавуваат инцидентни состојби. Со соработка меѓу учениците и наставниците, ваквите состојби се надминуваат со цел да не влијаат на процесот на редовно школување на ученикот. Ваквите ученици привремно се ослободуваат од реализацијата на наставата по спорт, но истите се бара да бидат редовно присутни на часот и да ја следат реализацијата на тековните активности.

4.1.6 Преку различен вид на постапки за прибирање на податоци, наставникот-класниот раководител гради социјална слика за секој ученик со кој раководи и работи во текот на наставата. Голем дел од нашите ученици потекнуваат од социјално добро ситуирани семејства, кои можат да им ги подмират потребите поврзани со школувањето. Еден дел од учениците потекнува од социјално загрозени семејства и како редовни ученици истите се корисници на различни облици на социјална помош и поддршка (детски додаток, ученички стипендии за социјални ранливи категории, стипендии за редовни ученици од турската националност, програми за поддршка на ромите и сл.). Педагошката служба во континуитет издава потврди на учениците, кои се приложуваат за повеќе видови социјално-економска помош. Еден дел од учениците во паралелките од турски наставен јазик се припадници на Ромите. Нашето училиште од почетокот е вклучено во проекти за поддршка на Ромите, со цел нивно поуспешно интегрирање во општественото живеење.

Училиштето е отворено за соработка и со хуманитарни организации, како што е Црвен

крст, во чиј подмладок учествуват наши ученици како волонтери. Учениците (полнолетните) и вработените се вклучуваат во крводарителски акции.

Се поинтензивна е соработката и со невладини организации од Р.Турција во кои досега се вклучени наши ученици од турските паралелки. Очекуваме соработката да се прошири и на ниво на училиште.

Во својата Програма за работа, училиштето предвидува повеќедневни и еднодневни екскурзии, натпревари, матурски вечери, акции и манифестации. Тимови составени од наставници, родители и ученици кои се носители на конкретни активности, од надворешни соработници бараат спонзорства и гратис услуги наменети за најсиромашните деца, чии семејства не можат да си дозволат одреден трошок. Во условите на пандемиската наставна година, се обезбедија електронски уреди од донатори, наменети за учениците кои не поседуваа уред за следење настава од далечина. Училиштето настојува, преку различни видови на активности, да создаде позитивна училишна клима во која секое дете ќе се чувствува безбедно, заштитено и достоинствено.

## *4.2 Здравје*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Извештаи од санитарни инспекциски надзори;<br>- Извештаи од систематски прегледи;<br>- Извештаи од крводарителски акции;<br>- Записници од наставнички состаноци;<br>- Записници од совет на паралелка;<br>- Анкети и интервјуа;<br>- Пофалници и признанија за учество на натпревари. |

## АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

4.2.1 Училиштето е објект од витална важност. Просторните капацитети на нашето училиште се максилмално искористени. Тоа работи во две смени низ кои дневно поминуваат околу 450 ученици (2023/24) и 70 вработени, а секојдневно има и присуство на родители и други надворешни соработници. Хигиеничари, поделени во две смени, секојдневно се грижат за одржување на хигиенско-естетските услови, во просториите каде што учат и се движат учениците и вработените. Се настојува хигиената да се одржува редовно, како во училниците, така и во спортската сала, соблекувалните, ходниците, скалите, канцелариските простории, санитарните јазли и училишниот двор.

Преку повеќе видови активности и проекти, училиштето настојува да ја одржува еко свеста на учениците, правејќи ги активни чинители во одржувањето на хигиената. Во рамките на ЕКО – часовите, наставниците планираат различни активности за подигнување на еколошката свест и естетските чувства на учениците. Училиштето се стекна со називот „ЕКО – Училиште“ и е добитник на зеленото знаме. Во склоп на наставните програми, учениците се вклучени во изработка на повеќе проекти поврзани со производство на зелена и еколошки чиста

енергија. За таа цел, под менторство на наставниците, изработуваат проекти поврзани со обновливите извори на енергија (вода, сонце, енергија од биомаса, геотермална енергија и сл.). Во изминатиов период, учествуваа на натпревари за развојот и примената на еко - стандарди. Низ училниците и целиот работен простор, како и низ училишниот двор, поставени се корпи за отпадоци. На видни места се поставени укажувања за местото каде треба да се фрла отпад. Континуирано се гради ставот дека одржувањето на личната хигиена, како на телото така и на облеката, значајно го подобрува, не само здравјето, туку и естетскиот изглед на младиот човек.

Во периодите на грипови и настинки, училиштето води евиденција за осипување на учениците од настава и истите ги доставува до Здравниот дом.

Училиштето континуирано остварува соработка со лица од Здравен дом и од ХЕС службата, за превентивно дејствување. Се организираат предавања од медицински лица, се делат флаери и брошури, како и плакати со информативна содржина. Сите ученици од прва и четврта година се опфатени со систематски прегледи.

4.2.2 Учениците кои имаат извесни здравствени нарушувања, поврзани со хронични болести, доставуваат соодветна документација и препораки за постапување со истите. Тие се обезбедуваат во соработка со родителите, преку раководителот на паралелката. Истиот, на состаноците на Советот на паралелката, ги произнесува до предметните натавници. На класните часови се работи на заемно прифаќање и поддршка од страна на соучениците и создавање на позитивна клима. Голем број ученици сметаат дека наставниците имаат разбирање за нивните здравствени и лични проблеми. На учениците, покрај редовната настава, им се нудат и други облици на помош за совладување на наставните содржини, со цел здравствената состојба да не биде пречка во процесот на образование.

## *4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Програма за работа на кариерниот центар;<br>- Програма за работа на психологот / педагог;<br>- Национална стратегија за ментално здравје за млади 2024 – 2026 година;<br>- Записници од родителски средби;<br>- Записници од разговори со родители и ученици;<br>- Покани или флаери за учество на трибини, предавања и обуки;<br>- Просторија за кариерно советување и кариерен центар;<br>- Флаери и плакати за промовирање на училиштето и неговите образовни профили;<br>- Програми за работа кај работодавачи;<br>- Договори за склучена феријална пракса. |

# АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

4.3.1 Според образовната структура, нашето училиште опфаќа 16 паралелки со 242 ученика ( 53%) од учениците во гимназиско и исто толку паралелки со 212 ученика ( 47%) во стручното образование (податоците се за почеток на учебната 2023/24). Образованието нуди сестрани и релевантни информации и знаења (теоретски и практични). Ова му дава можност на младиот човек да може да се пронајде себеси во конкретните науки кои се поврзани со извршувањето на одредени професии. Голем дел од учениците во завршните класови се мотивирани за продолжување на своето образование во некои од високообразовните институции во земјата и странство. Овој податок се гледа преку високиот интерес за полагање на државна матура, како и од интерни анкети. Изборот на идната професија е голема дилема, која не е само важно прашање во рамките на семејството, туку е обврска и на училиштето. Ние, како образовна институција, на учениците од завршните класови им нудиме повеќе видови информации. Во текот на целото второ полугодие, училиштето им остапува простор на сите високообразовни институциии и е отворено за соработка со истите. Им се дозволува да вршат презентација и да делат брошури и плакати. Така, на директен и индиректен начин се информира за студиските програми и условите за студирање.

При пополнувањето на пријавата за државна матура, класниот раководител и наставниците имаат обврска да ги информираат учениците кои предмети се прифатливи за одредени студиски групи.

Училиштето има воспоставена практика да организира трибина за професионална ориентација, мотивација и афирмација на младите за постигнување на повисоки образовни цели. Најчесто, се поканува гостин – предавач, лице афирмирано и докажано во одредена област, кое воедно врачува признанија и пофалници на најуспешните ученици во изминатата учебна година.

Во рамките на слободните часови на училиштето, се реализираат содржини поврзани со кариерно советување и подготовка за вработување. Во склоп на струките, функционира и Кариерен центар за средно стручно образование. Носителите на активностите се обучени да даваат информации околу спроведување интервјуа за работа, изработка на биографија и слично. Училиштето има сертифицирани наставници како кариерни советници.

Училиштето активно учествува на Саемот за образование, кадешто ги промовира своите образовни програми и профили, преку организирање на образовни штандови.

Во соработка со Агенцијата за вработување, училиштето организира отворени трибини на кои како учесници се вклучуваат поранешни ученици, а сега успешни луѓе, споделувајќи ги своите професионални успеси и патот до истите.

Во рамките на училиштето, се изведува програма за работа кај работодавач за соодветните струки, кадешто учениците се здобиваат со конкретни стручни вештини во реални производствени процеси. Функционираат и паралелки со зголемен обем на практична настава (дуални програми). Во летниот период, се реализира феријална пракса, преку договори склучени со бизнис секторот, која исто така придонесува во идната професионална квалификација и преквалификација на учениците.

Во пракса (а тоа го покажуваат и резултатите од интерните анкети), доминантен и пресуден фактор околу професионалната определба на учениците и понатаму е одлуката донесена во рамките на семејството. Целокупното финансирање на студирањето паѓа на товар на родителите, па, често изборот на професијата зависи од економските можности на семејството, формираните семејни бизниси, како и степенот на економски развој на регионот.

4.3.2 Емоционалните состојби во кои запаѓаат некои ученици се потешко видливи и за нив

ретко се зборува. Најчесто, емоционалните проблеми со кои се соочува некој ученик се рефлектираат преку негативни промени во поведението и успехот. Во врска со таквите промени кај одделни ученици, службите во училиштето најпрвин воспоставуваат соработка и комуникација со родителите. Во овој домен, воопшто не ја исклучуваме соработката и со релевантни надлежни институции (Центар за социјални работи, Здравен дом, Дом за ментално здравје и сл.). Во своето работење, службата користи извесни тестови за проценка на интелектуалната и психичката состојба на конкретниот ученик како и структурирано интервју. Со тестот на емоционалната интелигенција, се откриваат извесни моментални емоционални состојби, а со Корнел – индекс тестот се откриваат конкретни невротични и психотични појави кај младите. За горенаведените активности кај малолетните лица, се бара претходна согласност од родителите (усно или писмено), а полнолетните ученици сами одлучуваат дали ќе изработат некои од наведените тестови. Во однос на менталното здравје, посебно кога се работи за млади, во голема мера се присутни предрасуди и стигматизација кон било какво ментално нарушување или барање на совет и/или помош за некоја емоционална состојба.

По Ковид пандемијата, се промени перцепцијата кон менталното здравје и благосостојба и почнаа истите да се третираат, не само како индивидуален или семеен проблем, туку како суштински општествен проблем. СЗО предвидува дека во Р.С Македонија секој четврти граѓанин во некој перод од сивојот живот ќе манифестира некакво нарушување на менталното здравје. Ваквите предвидувања доведоа до тоа да се здружат МТСП, МЗ и МОН и да изготват заедничка Национална стратегија за менталното здравје на младите, која започнува од 2024 година и ќе трае три години, односно, до 2026 година. Меѓу другото, истата предвидува да се обучат наставниот и стручниот кадар во училиштата, со цел рана детекција и превенција на нарушувањата во менталното здравје и благосостојба.

Она што праксата ни покажува е дека навременото откривање на постоечките аномалии и конкретни потреби на учениците е од витална важност, не само во процесот на образование, туку и во општата благосостојба на поединецот. Секое затајување и прикривање на состојбите од тој вид може да предизвика трајни последици врз понатамошниот емоционален, социјален и интелектуален развој на ученикот.

## 4.4 Следење на напредокот

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Извештаи, анализи (квартални полугодишни и годишни);<br>- ПОП и инклузивни тимови (училишен и за ученик);<br>- Увиди во педагошката евиденција и документација;<br>- Анкети и интервјуа со наставници;<br>- Извештаи за движењето и напредокот на учениците;<br>- Извештаи за движењето на учениците (почеток – крај). |

# АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

4.4.1 Евиденцијата за редовното присуство на учениците во наставата и поведението што произлегува од истото се секојдневна активност на предметните наставници и класните раководители. Овие податоци во континуитет се еведентираат во е-дневникот за работа на паралелката и во извештаите. Преку евидентните листови, како дел од педагошката документација на работењето на училиштето, се здобиваме со поголема прегледност во континуитетот на напредувањето на секој ученик, во тековната учебна година. Во своите лични портфолија, наставниците го следат напредувањето на учениците по својот наставен предмет. Со сумирањето на горенаведените податоци, наставниците, родителите па и самите ученици се здобиваат со пореален и посистематизиран преглед за степенот на развој. Со воведувањето на е–дневникот, родителот има пристап до информациите за своето дете, во било кое време и на било кое место. Со ова, динамиката со која живеат современите родители нема повеќе да биде пречка во увидот во поведението и успехот на нивното дете. Поголем дел од родителите сметаат дека наставниците го почитуваат и мотивираат нивното дете, додека напредокот го проследуваат преку присуство на родителски средби.

4.4.2 Во текот на учебната година се одржуваат најмалку четири класни совети за паралелките на кои се презентираат квартални, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците. Извештаите се сумираат од страна на педагошко-психолошката служба, во вид на интерен документ кој како краен се прикажува и во извештајот за работата на училиштето. Истиот се презентира пред наставниците, ЕЛС и просветниот испекторат, при интегрална инспекција. Училиштето своето работење го базира на принципот на транспарентност. Резултатите и постигнувањата во континуитет се објавуваат на локалните медиуми, веб страницата на училиштето и на социјалните медиуми.

Прегледноста на напредокот и развојот на секој ученик во воспитно – образовниот процес ни овозможува увид во повеќе сегменти на работењето:

- Постигнувањата на учениците се мерило за секој наставник колку од реализираната наставна програма е разбирлива и совладана од учениците. Според тоа, наставникот предвидува дополнителни часови или додава нови содржини, го диктира темпото на пренесување на наставната материја, методот на работа и стилот на работење;
- Училиштето прогласува, промовира и наградува ученик на годината, ученик на генерацијата, најдобар клас, најдобри постигнати резултати од натпревари, проекти;
- Се избира истакнат педагошки работник според критериуми пропишани од ЕЛС.
- Гимназиска програма ни овозможува преодност на учениците (во I и II год.), која е поврзана како со постигнатите резултати така и со промени што можат да се појават кај учениците, во однос на професионалната ориентација;
- Практичната настава и феријалната пракса во стручните паралелки овозможуваат примена на теоретските сознанија во работни вештини.

Резултатите кои ги постигнуваат учениците, како и потребите на локалниот бизнис сектор, иницираат идеи и разговори меѓу раководните структури на ниво на општина, за воведување на конкретни образовни профили.

# АНАЛИЗА НА ПОДРАЧЈЕТО

Мотивот за емотивна заштита проследен со чувството на сигурност се вродени човечки потреби кои ги поседуваме од моментот на раѓање. Како што растат и се развиваат децата расте и се развива нивниот сознаен свет. Со излегувањето на децата од домот и семејството тие се препуштаат на други агенси, како училиштето, врсниците и електронските платформи. Оттука, сосема природни се очекувањата на секое дете, грижата и подршката во неговиот развој да ја преземат воспитувачите – наставниците и стручните соработници. За таа цел, мора да се работи на намалување на расчекорот во очекувањата помеѓу родителите и училиштето. Проблемите во развојот на детето и посебните потреби на дел од децата се состојби и појави кои директно се рефлектираат во процесот на функционирање. Училиштето и вработените во него се клучна алка во тој сегмент, кои можат индиректно, преку успехот и поведението што го остваруваат учениците, да ги проценуваат сегментите во кои треба да дадат поддршка во развојот на учениците. Училиштето се труди да ги задржи учениците во воспитно – образовниот процес, да им понуди релевантни сознанија, конкретна стручна помош и поддршка, како и насоки за понатамошно вклучување во светот на возрасните.

**Клучни силни страни:**

- училиштето остварува континуирана соработка со други институции, кои нудат стручна помош и поддршка за непречен развој на нашите ученици;
- вклученост и подготвеност на родителите за соработка со училиштето;
- чувство на пријатност и правичност кај учениците додека се во училиштето. Училиштето гради здрава клима за нивна социјализација и личен развој;
- во училиштето, наставата се изведува на македонски и турски наставен јазик и нема облици на верска и етничка нетрпеливост, поделеност и дискриминација;
- училиштето во континуитет се вклучува во проекти, со цел да ја подобри инклузивноста и интеграцијата на учениците и вработените.

**Клучни слаби страни:**

- стигматизација и предрасуди во однос на нарушувањата на менталното здравје и благосостојба кај младите. Се наидува на низа предрасуди во однос на отвореното зборување и соочување со проблемите од емоционална природа. Се уште поотворено се зборува за физичките, отколку за менталните нарушувања и заболувања;
- во училиштето има потреба од вклученост на дефектолог (може и мобилен) и други компетентни стручни лица за помагање, стекнување вештини и методи за работа со лица со пречки во развојот, утврдени од страна на комисија за МКФ;
- одреден дел од учениците не успеваат во целост да ја контролираат употребата на цигари за време на одморите, што придонесува, меѓу другото, и за зголемување на бројот на

изостаноци. Иако, за ова постои одредба и во Законот за пушење и во Кодексот за ученици.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Вклученост во проекти во организација на БРО, МОН, НВО, со што ќе се овозможи уште поголемо приближување на нееднаквостите по различни основи. Училиштето е мултиетничка средина во која се реализира настава на македонски и турски јазик.

- Да се иницира потребата од вработување на дефектолози, рехабилитатори, образовни и лични асистенти, за потребите на учениците со ПОП. Институциите да создадат база на податоци од каде би можеле да се служиме со потребните информации, со цел да се одржи континуитетот во поддршката и работата, и истите да бидат во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

- Да се креираат повеќе активности од страна на наставниците и стручните соработници за поголема вклученост, поддршка и помагање на учениците во нивниот интелектуален, емоционален и социјален развој.

- Наставниците и стручните соработници да се вклучуваат во проекти и обуки за нивно стручно усовршување, според предвиден план за професионален развој.

# Подрачје 5 - Училишна клима и односи во училиштето

Во ова подрачје на вреднување, направено е согледување на индикаторите:

**5.1 Училишна клима и односи во училиштето;**
**5.2 Промовирање на постигнувањата;**
**5.3 Еднаквост и правичност;**
**5.4 Соработка со родителите, со локалната и деловната заедница.**

| ПОДРАЧЈЕ БР. 5: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО | | |
|---|---|---|
| Бр. | **ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ** | **ТЕМИ** |
| 5.1 | **Училишна клима и односи во училиштето** | ➢ Углед/ имиџ на училиштето<br>➢ Кодекс на однесување<br>➢ Училишна клима<br>➢ Поведение и дисциплина во училиштето<br>➢ Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето одлуки |
| 5.2 | **Промовирање на постигнувањата** | ➢ Промовирање на личните постигнувања на учениците<br>➢ Промовирање на постигнувањата во име на училиштето |
| 5.3 | **Еднаквост и правичност** | ➢ Познавање на правата на децата<br>➢ Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>➢ Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| 5.4 | **Соработка со родителите и со локалната заедница** | ➢ Соработка на училиштето со родителите<br>➢ Соработка со општината и со урбаната заедница<br>➢ Соработка со деловната заедница и со невладиниот сектор |

## *5.1 Училишна клима и односи во училиштето*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Записници од педагошко-психолошка служба;<br>- Анкети со ученици;<br>- Записници од наставнички совет;<br>- Годишен извештај за работа на училиштето 2021/2022 и 2022/2023 година. |

## АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Односот меѓу наставниците во училиштето се заснова на почит и соработка. Постои заемно почитување и меѓу учениците, како и на релација ученик-наставник. Тоа е евидентно и во резултатите од спроведените анкети. Учениците покажуваат интерес кон образовните цели и работните задачи. Во најголем дел, учениците се кооперативни, си помагаат и заемно соработуваат. Во училиштето, основана е средношколска унија во која членуваат машки и женски ученици, но и ученици од различна етничка припадност.

Училиштето, како воспитно образовна институција, нуди повеќе форми на работа и се грижи за правилно воспитување и образување на сите деца. Во склоп на училиштето, има и турски паралелки, со што се укажува на застапеноста на учениците од различна етничка припадност.

Во однос на изостаноците, од Годишниот извештај може да се забележи дека зголемен број на оправдани и неоправдани изостаноци има во стручните паралелки.

За учениците кои не се придржуваат до Статутот на училиштето и програмата, следуваат педагошки мерки. Ваквите мерки ги изрекува Наставнички совет.

Се изрекува:

- писмена опомена;
- опомена пред отстранување;
- отстранување од училиштето.

**Вкупен број изостаноци направени од учениците од I до IV година, на крајот на наставната година, за учебната 2021/2022 година**

| | **Оправдани** | **Во просек по ученик** | **Неоправдани** | **Во просек по ученик** | **Вкупно изостаноци** | **Во просек по ученик** | **Вкупно ученици** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | 3240 | 33,8 | 586 | 6 | 3826 | 39,8 | 96 |
| **II** | 3241 | 28,7 | 543 | 4,8 | 3784 | 33,5 | 113 |
| **III** | 7179 | 47 | 898 | 5,8 | 8077 | 52,8 | 153 |
| **IV** | 7413 | 61,3 | 878 | 7,3 | 8291 | 68,5 | 121 |
| **Вк.** | **21073** | **43,6** | **2905** | **6** | **23978** | **49,6** | **483** |

**Вкупен број на изостаноци направени од учениците од I до IV година, на крајот на наставната година, за учебната 2022/2023 година**

| | Оправдани | Во просек по ученик | Неоправдани | Во просек по ученик | Вкупно изостаноци | Во просек по ученик | Вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | 4838 | 37.5 | 762 | 5.9 | 5600 | 43.3 | 129 |
| **II** | 3937 | 45.8 | 716 | 8.3 | 4653 | 54 | 86 |
| **III** | 4751 | 43.2 | 738 | 6.7 | 5489 | 50 | 110 |
| **IV** | 9463 | 65.3 | 979 | 6.7 | 10442 | 72 | 145 |
| **Вк.** | **22989** | **48.9** | **3195** | **6.8** | **26184** | **55.7** | **470** |

Во однос на дисциплината, податоците укажуваат дека машките се помалку дисциплинирани од женските. Од направената анализа на поведението на учениците во учебната 2021/2022 и 2022/2023 година, се забележува дека помал е бројот на ученици од машки пол со примерно поведение, за разлика од ученици од женски пол, наспроти тоа поголем е бројот на машки ученици со намалено поведение и најдобро и на незадоволително, за разлика од намаленото поведение на учениците од женски пол.

Во училиштето постои континуирана соработка со надворешни лица:

- локална самоуправа;
- родители/старатели на ученици;
- локални бизнис ентитети;
- претставници од турската амбасада;
- други училишта земјата и странство;
- претставници од културни, уметнички и спортски здруженија.

Од голема важност е континуираната соработка на училиштето со локалната самоуправа, на повеќе нивоа. Заеднички се третираат тековните проблеми, но и важни прашања на кои треба да се работи во иднина. Локалната самоуправа изгради повеќенаменско игралиште за училиштето, обезбеди стипендирање на ученици од социјално загрозени семејства, обезбеди награда за најистакнат педагошки работник, итн.

Училиштето соработува и со родителите/старателите на учениците. Родителите имаат свој придонес во работата на училиштето, преку Училишен одбор, Совет на родители и родителски средби. Исто така, се организира и отворен ден за родители.

Училиштето е отворено за соработка и со Средношколската унија која работи посветено и постигнува одлични резултати.

Од голема важност е соработката на училиштето со локални бизнис ентитети во кои учениците изведуваат практична настава. Тоа се нашите партнери: „Бучим“ и „Боров Дол“ Радовиш- за учениците од геолошко-рударската и металуршката струка, „Металпромет ДОО-Цветан“ и „Тргоинжинеринг“ Радовиш- за учениците од електротехничката струка, учениците од машинската струка во „30 Март“ и „Интерпласт“ Радовиш, а учениците од градежната струка во „Техноинжинеринг“, „Техника“, „Петров“ ДОООЕЛ, „Валаски Градба“ и „Жица Монт“ Радовиш.

Соработката со други училишта, најчесто, се остварува преку спортски натпревари, културни натпревари и манифестации, одбележувања на патрониот празник и сл.

За време на празници и чествувања, во училиштето се одржуваат и културно-уметнички манифестации: „Карамановi средби“, „6 Ноември“, „Св. Кирил и Методиј“, свечена академија по повод патрониот празник на училиштето и др. На овие културни случувања, учениците имаат можност да покажат креативност, иновативност, талент и труд.

## *5.2 Промовирање на постигнувањата*

### ЛИСТА НА НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ НА НАТПРЕВАРИ ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 И УЧЕНИЦИ КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ НА НАТПРЕВАРИ

| НАСТАВНИК | НАТПРЕВАР / МАНИФЕСТАЦИЈА | МЕСЕЦ И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ | УЧЕСТВО ИЛИ НАГРАДА | ИМЕ НА УЧЕНИЦИ КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ: |
|---|---|---|---|---|
| Јовица Илиќ | Конкурс за награда Караманов за ученици од основните и средните училишта од општина Радовиш | ноември 2021 | II награда во категорија средношколци | Катерина Панајотова II 3 |
| Катерина Диманова-Јованова | Натпревар за најдобар есеј во рамките на државниот натпревар по македонски јазик и литература за средно образование | декември 2021 Скопје | учество<br>учество | Виолета Василева<br>Ана Бибовска |
| Жаклина Стоименова | Регионален натпревар по хемија | 06.05.2022 Радовиш | пофалница<br>пофалница<br>пофалница<br>III место<br>пофалница<br>пофалница<br>учество | Матеа Димитриева<br>Памела Тасева<br>Тијана Темелкова<br>Гонце Ефтимова<br>Симона Долдурова<br>Филип Ташков<br>Ангелина Јованова |
| | Државен натпревар по хемија | 28.05.2022 Скопје | учество<br>учество<br>учество | Гонце Ефтимова<br>Симона Долдурова<br>Филип Ташков |
| Ленче Јованова | Општински натпревар по географија | 12.02.2022 online | I место<br>II место<br>III место<br>I место<br>II место | Матеа Димитриева I-1<br>Тијана Темелкова I-2<br>Памела Тасева I-2<br>Ивана Коцева II -2<br>Ана Коцева II -2 |
| | Регионален натпревар по географија | 25.03.2022 | I место<br>II место<br>III место<br>I место<br>II место | Матеа Димитриева I-1<br>Памела Тасева I-2<br>Тијана Темелкова I-2<br>Ивана Коцева II -2<br>Ана Коцева II -2 |
| | Државен натпревар по географија | 07.05.2022 ПМФ Скопје | пофалница<br>пофалница<br>пофалница | Матеа Димитриева I-1<br>Памела Тасева I-2<br>Ивана Коцева II -2 |
| Славе Трајанов | Општински натпревар по биологија | 07.02.2022 онлајн | I награда<br>III награда | Деница Трајанова<br>Филип Ташков |
| | Регионален натпревар по биологија | 26.03.2022 онлајн | II награда<br>пофалница | Деница Трајанова<br>Филип Ташков |
| | Државен натпревар по биологија | 14.05.2022 ПМФ Скопје | II награда<br>III награда | Деница Трајанова<br>Филип Ташков |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Љупка Туџарова-Аврамова | Општински натпревар по англиски јазик | 19.03.2022 Струмица | II место<br>III место | Дарко Тодоров II-2<br>Зорица Ристова II-1 |
| | Регионален натпревар по англиски јазик | 07.05.2022 Гевгелија | I место<br>III место | Дарко Тодоров II-2<br>Зорица Ристова II-1 |
| | Државен натпревар по англиски јазик | 28.05.2022 Скопје | учество (5то место)<br>учество | Дарко Тодоров II-2<br>Зорица Ристова II-1 |
| Катерина Донева | Општински натпревар по математика | 19.02.2022 | II награда<br>III награда<br>Пофалница | Костадинов Никола<br>Бибовска Ана<br>Ташков Филип |
| | Регионален натпревар по математика | 12.03.2022 Струмица | учество<br>учество | Бибовска Ана<br>Ташков Филип |
| Маја Караманова-Сулева | Општински натпревар по математика | 19.02.2022 | пофалница<br>пофалница | Матеа Димитриева<br>Тијана Темелкова |
| | Регионален натпревар по математика | 12.03.2022 Струмица | II награда<br>пофалница | Матеа Димитриева<br>Тијана Темелкова |
| | Државен натпревар по математика | ПМФ Скопје | учество<br>учество | Матеа Димитриева<br>Тијана Темелкова |
| Билјана Ристова | Општински натпревар по математика | 19.02.2022 | II награда<br>III награда<br>III награда<br>Пофалница | Симон Пранговски<br>Зорица Ристова<br>Михаела Тадирова<br>Сандра Андонова |
| | Регионален натпревар по математика | 12.03.2022 Струмица | учество<br>учество<br>пофалница<br>учество | Симон Пранговски<br>Зорица Ристова<br>Михаела Тадирова<br>Сандра Андонова |
| | Државен натпревар по Математика | ПМФ Скопје | Учество | Михаела Тадирова |
| Валентина Ристова | Општински натпревар по англиски јазик | 19.03.2022 Струмица | III награда<br>III награда | Валентино Тракалинов<br>Петар Тасев |
| | Регионален натпревар по англиски јазик | 07.05.2022 Гевгелија | III награда<br>учество | Валентино Тракалинов<br>Петар Тасев |
| | Државен натпревар по англиски јазик | 28.05.2022 Скопје | Учество | Валентино Тракалинов |
| Верче Чапова | Интернационален онлајн натпревар за странски јазици Willkommen | 13 и 14 ноември, онјалн | III место<br>во втор круг | Ана Коцева II 2 |
| Дејан Милчевски<br>Сашо Ристов<br>Борче Алексов | Регионален натпревар по стручни предмети од електротехничка струка | 26.02.2022 Кавадарци | Учество | Лео Тренчев III 8 |
| | Државен натпревар по стручни предмети од електротехничка струка | 06.05.2022 Велес | Пофалница | Лео Тренчев III 8 |
| Славица Атанасова | Регионален натпревар по информтика | 05.03.2022 Струмица | III награда | Никола Костадинов |
| | Државен натпревар по информатика | 19.03.2022 Кавадарци | III награда | Никола Костадинов |
| Славица Атанасова<br>Дејан Милчевски | Државен натпревар по стручни предмети од електротехничка струка | 06.05.2022 Велес | Пофалница | Илија Димитриев |

**Спортски натпревари**

| НАСТАВНИК | НАТПРЕВАР/ МАНИФЕСТАЦИЈА | МЕСЕЦ И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ | УЧЕСТВО ИЛИ НАГРАДА | ИМЕ НА УЧЕНИЦИ КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ: |
|---|---|---|---|---|
| Игор Конзулов | Зонски натпревар во ракомет | 10 ноември, Радовиш | I место | учениците се од II,III и IV година |
| Игор Конзулов | Зонски натпревар во одбојка | 24 ноември, Струмица | III место | учениците се од II,III и IV година |

**РЕЗУЛТАТИ**
од Образовното Рандеву на МАССУМ 2022 година

Оваа година Образовното Рандеву на МАССУМ се одржа во Велес во СОУ “Димитрија Чуповски” на 06-07 мај.

Нашите ученици учествуваа во следниве категории:

1. Интервју за работа - на македонски јазик
   Ученик: Ана Бибовска, ментор: Катерина Диманова Јованова
2. Интервју за работа - на англиски јазик
   Ученик: Васе Лазаров, ментор: Наташа Спасевска
3. Јавно говорење - подготвен говор
   Ученик: Данче Накова, ментор: Катерина Диманова Јованова
4. Најдобар постер
   Ученици: Дарко Тодоров, Костантин Ѓозев, Кристијан Благоев, ментор: Верче Чапова
5. Најдобра веб страница
   Ученици: Илија Димитриев, Дарко Тодоров, Симон Пранговски, Деница Трајанова,
   Ментори: Славица Атанасова и Борче Алексов
6. Најдобра фотографија
   Ученици: Стивен Донев, Коце Илиев, ментор: Славица Атанасова
7. Најдобра поетска творба
   Ученик: Сара Серафимовска, ментор: Катерина Диманова Јованова
   Ученик: Катерина Панајотова, ментор: Сања Маринковска
8. Најдобро кариерно онлајн портфолио
   Ученици: Иван Евтимов, Михаела Тадирова, ментор: Наташа Спасевска
9. Најдобар филм
   Ученици: Никола Костадинов, Ристе Трајков, Виолета Василева
   Ментори: Катерина Диманова Јованова и Славица Атанасова
10. Најдобра видео реклама
    Ученик: Габриела Камчева, ментор: Василка Митева.
11. Најдобар бенд и соло изведувач
    Ученици: Михаела Тадирова, Зорица Ристова, Барбара Стојанова,
    Ментор: Рушка Евтимова
12. Најдобар играч во пингпонг
    Ученик: Матеј Филипов, ментор: Иванка Спасова
13. Најдобра екипа во баскет
    Ученици: Барбара Аврамова, Манас Манасов, Столе Крстев
    Ментор: Љупче Атанасов
14. Најдобра екипа во серва
    Ученици: Марко Стојменов, Давид Митковски, Симона Ристоманова

Ментор: Миле Коцев

Со награди се стекнаа следниве екипи:

- Прво место (златна плакета) за најдобар постер за тимот ученици: Дарко Тодоров, Костантин Ѓозев, Кристијан Благоев, ментор: Верче Чапова;
- Второ место (сребрена плакета) за најдобро интервју за работа - на англиски јазик, ученик: Васе Лазаров, ментор: Наташа Спасевска;
- Трето место за најдобро јавно говорење - подготвен говор, ученик: Данче Накова, ментор: Катерина Диманова Јованова;
- Трето место за најдобар филм, ученици: Никола Костадинов, Ристе Трајков, Виолета Василева, Ментори: Катерина Диманова Јованова и Славица Атанасова;
- Трето место за најдобар штанд од електро-техничката струка, ученици: Илија Димитриев, Радомир Димитриевиќ, Спасе Илиев, Кристијан Благоев, Петар Коцев, Ментор: Дејан Милчевски.

Во учебната 2021/2022, беше прогласен најдобар ученик на генерацијата 2018/2022 година. Комисија составена од наставници, според изготвени критериуми според Правилникот за прогласување на ученик на генерацијата, од повеќе предложени ученици, за ученик на генерацијата ја прогласи ученичката од IV 2 клас, **Марија Прастова**.

| Ред. број | Име и презиме | Клас | Среден успех | Оправдани изостаноци | Неоправдани Изостаноци | Учество во натпревари и освоени награди | Учество во проекти и други активности | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Марија Прастова** | IV-2 | 100 | -13.1 | / | 36 | 2,5 | 125,4 |
| 2. | Васе Лазарев | IV-1 | 100 | -2.6 | / | 17 | 5 | 119.4 |
| 3. | Марија Костадинова | IV-3 | 100 | -0.8 | / | / | 4 | 103.2 |
| 4. | Самира Асанова | IV-3 | 100 | -1.7 | / | / | 4 | 102.3 |
| 5. | Кате Бехлимова | IV-3 | 100 | -9 | / | / | 4 | 95 |
| 6. | Надица Јанева | IV-3 | 100 | -10.2 | / | / | 4 | 93.8 |

Според утврдени критериуми од страна на избрана комисија составена од наставници беа избрани и најдобрите ученици од прва, втора и трета година.

Врз основа на Правилникот за избор на најдобар ученик на годината, Комисијата за избор на најдобар ученик за **прва година** ја изготви следнава ранг листа:

| ред. бр. | име и презиме | среден успех | оправдани изостаноци | неоправдани изостаноци | дипломи/прое кти | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Матеа Димитриева** | 100 | 0,2 | 0 | 5 | **104,8** |
| 2 | Гонца Евтимова | 100 | 0 | 0 | 1 | **101** |
| 3 | Тијана Темелкова | 100 | 2 | 3 | 1 | **96** |

Од изготвената ранг листа, ученик на генерацијата од **прва година** за наставната 2021/22 е **Матеа Димитриева**.

Врз основа на Правилникот за избор на најдобар ученик, Комисијата за избор на најдобар ученик за **втора година** ја изготви следнава ранг листа:

| ред. бр. | име и презиме | среден успех | оправдани изостаноци | неоправдани изостаноци | дипломи/ проекти | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Деница Трајанова** | 100 | -0,4 | 0 | 3+7 | 109,6 |
| 2 | Дарко Тодоров | 100 | -0,3 | 0 | 3+3 | 105,7 |
| 3 | Ивана Коцева | 100 | -0,3 | 0 | 3 | 102,7 |
| 4 | Ана Коцева | 100 | -0,8 | 0 | 2 | 101,2 |
| 5 | Зорица Ристова | 100 | -0,2 | 0 | 1 | 100,8 |
| 6 | Михаела Тадирова | 100 | -1,2 | 0 | / | 98,8 |

**ЛИСТА НА УЧЕНИЦИ КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ НА НАТПРЕВАРИ ВО ПРВОТО И ВТОРОТО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 2022/2023**

| НАСТАВНИК | НАТПРЕВАР/ МАНИФЕСТАЦИЈА | МЕСЕЦ И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊ Е | УЧЕСТВО ИЛИ НАГРАДА | ИМЕ НА УЧЕНИЦИ КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ: |
|---|---|---|---|---|
| Катерина Диманова-Јованова | Поетска манифестација за деца и млади „Пролет на сребрените соништа“ | 19.05.2023 Радовиш | учество<br>учество | Виолета Василева<br>Сара Серафимовска |
| Ружица Кулушиќ | Општински натпревар по географија | 28.01.2023 | I место | Матеа Димитриева II -1 |
| | Регионален натпревар по географија | 24.03.2023 | I место | Матеа Димитриева II -1 |
| | Државен натпревар по географија | 13.05.2023 ПМФ Скопје | пофалница | Матеа Димитриева II -2 |
| Катерина Сусинова | Општински натпревар по англиски јазик | 18.03.2023, Гевгелија | II место<br>II место | Катерина Крстева<br>Викторија Спасова |
| | Регионален натпревар по англиски јазик | 08.04.2023, Гевгелија | I место<br>I место | Катерина Крстева<br>Викторија Спасова |
| | Државен натпревар по англиски јазик | 06.05.2023, Скопје | III место<br>Учество | Катерина Крстева<br>Викторија Спасова |
| Даниела Ѓоргиева | Општински натпревар по биологија | 17.02.2023 | I награда<br>I награда | Матеа Димитриева<br>Анѓелина Јованова |
| | Регионален натпревар по биологија | 26.03.2023 | пофалница<br>II награда | Матеа Димитриева<br>Анѓелина Јованова |
| | Државен натпревар по биологија | 28.04.2023 ПМФ Скопје | Пофалница | Анѓелина Јованова |
| Славе Трајанов | Општински натпревар по биологија | 17.02.2023 | I награда<br>III награда<br>III награда | Деница Трајанова<br>Катерина Крстева<br>Викторија Спасова |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Регионален натпревар по биологија | 26.03.2023 | II награда<br>II награда<br>II награда | Деница Трајанова<br>Катерина Крстева<br>Викторија Спасова |
| | Државен натпревар по биологија | 28.04.2023<br>ПМФ Скопје | I награда<br>II награда<br>III награда | Деница Трајанова<br>Катерина Крстева<br>Викторија Спасова |
| Љупка Туџарова-Аврамова | Општински натпревар по англиски јазик | 18.03.2023<br>Гевгелија | I место<br>I место | Михаела Тадирова III – 1<br>Максим Крстев III – 1 |
| | Регионален натпревар по англиски јазик | 08.04.2023<br>Гевгелија | I место<br>I место | Михаела Тадирова III – 1<br>Максим Крстев III – 1 |
| | Државен натпревар по англиски јазик | 06.05.2023<br>Скопје | учество<br>учество | Михаела Тадирова III – 1<br>Максим Крстев III – 1 |
| Стојна Алексовска | Општински натпревар по математика | 04.02.2023<br>Радовиш | II награда<br>III награда | Матеа Димитриева<br>Тијана Темелкова |
| | Регионален натпревар по математика | 04.03.2023<br>Штип | учество<br>учество | Матеа Димитриева<br>Тијана Темелкова |
| Маја Караманова Сулева | Општински натпревар по математика | 04.02.2023<br>Радовиш | I награда<br>пофалница<br>III награда | Матеј Цветковски<br>Тамара Чабукова<br>Викторија Спасова |
| | Регионален натпревар по математика | 04.03.2023<br>Штип | III награда<br>учество<br>учество | Матеј Цветковски<br>Тамара Чабукова<br>Викторија Спасова |
| | Државен натпревар по математика | Април, 2023 | III награда | Матеј Цветковски |
| Валентина Ристова | Општински натпревар по англиски јазик | 18.03.2023<br>Гевгелија | II место<br>III место | Илија Николов<br>Ѓорги Ципушев |
| | Регионален натпревар по англиски јазик | 08.04.2023<br>Гевгелија | II место<br>III место | Ѓорги Ципушев<br>Илија Николов |
| | Државен натпревар по англиски јазик | 06.05.2023<br>Скопје | Учество<br>Учество | Ѓорги Ципушев<br>Илија Николов |
| Славица Атанасова | Регионален натпревар по информатика | Март, 2023<br>Скопје | III награда | Никола Костадинов |
| | Државен натпревар по информатика | Април, 2023<br>Скопје | III награда | Никола Костадинов |
| Василка Митева | Регионален натпревар по информатика | Март, 2023<br>Скопје | III награда | Матеј Цветковски |
| | Државен натпревар по информатика | Април, 2023<br>Скопје | III награда | Матеј Цветковски |
| | Регионален натпревар по информатика | Март, 2023<br>Скопје | Учество | Лука Трајанов |
| Борче Алексов | Регионален натпревар по информатика | Март, 2023<br>Скопје | Учество | Верица Поцева |
| Славица Атанасова<br>Борче Алексов<br>Сашо Ристов | Регионален натпревар од електротехничка, машинска и сообраќајна струка | Март, 2023<br>Велес | Пофалница | Јован Далегов |
| | Државен натпревар од електротехничка, машинска и сообраќајна струка | Мај, 2023<br>Охрид | Учество | Јован Далегов |
| Славица Атанасова<br>Борче Алексов<br>Василка Митева | Натпревар „Дабар 2022“ | 21-25 ноември, 2022 | Учество | 125 машки и 97 женски |

## Спортски натпревари

| НАСТАВНИК | НАТПРЕВАР/ МАНИФЕСТАЦИЈА | МЕСЕЦ И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ | УЧЕСТВО ИЛИ НАГРАДА | УЧЕНИЦИ КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ |
|---|---|---|---|---|
| Иванка Спасова | Зонски натпревар (женски) футсал | 21 ноември, 2022 година, Радовиш | Учество | 1.Тамара Кириленкова I-3<br>2. Деспина Илиева I-3<br>3. Елена Стојанова I-3<br>4. Дујгу Јашарова II-3<br>5. Елиф Баро II-3<br>6. Неше Усинова II-3<br>7. Ана Дулева II-4<br>8. Валерија Усеинова II-4<br>9. Фатиме Нанушева IV-5<br>10. Мелиќе Абдурманова IV-6<br>11. Серпил Јашарова IV-6<br>12. Седеф Сулејманова IV-9 |

## РЕЗУЛТАТИ

од Образовното Рандеву на МАССУМ 5 мај 2023, Гостивар

Уште еднаш учениците од СОУ „Коста Сусинов“ од Радовиш го покажаа својот талент и знаење стекнати во текот на своето образование под менторство на своите професори.

Нашите ученици учествуваа во следниве категории:

1. Интервју за работа - на македонски јазик
   Ученик: Ана Бибовска, ментор: Даниела Ѓоргиева
2. Интервју за работа - на англиски јазик
   Ученик: Михаела Тадирова, ментор: Наташа Спасевска
3. Јавно говорење - подготвен говор
   Ученик: Деница Трајанова, ментор: Сања Маринковска
4. Најдобар постер
   Ученици: Верица Поцева, Ана Коцева, ментор: Борче Алексов и Славица Атанасова
5. Најдобра веб страна
   Ученици: Никола Костадинов, Кети Милева и Деница Трајанова, Ментор: Славица Атанасова
6. Најдобра поетска творба
   Ученици: Сара Серафимовска и Виолета Василева, ментор: Катерина Диманова Јованова
7. Најдобро кариерно онлајн портфолио
   Ученик: Верица Поцева, ментор: Борче Алексов

Ученик: Михаела Тадирова, ментор: Наташа Спасевска

8. Најдобра видео реклама

   Ученик: Габриела Камчева, Ана Дулева, Срна Пачемска, Ивана Коцева, ментор: Борче Алексов.

9. Најдобар бенд и соло изведувач

   Ученици: Бенд 1: Михаела Тадирова, Зорица Ристова, Барбара Стојанова, Симон Пранговски; Бенд 2: Борче Крстев, Стефанија Шапкова, Ангела Манолева,
   Ментор: Рушка Евтимова

10. Најдобра екипа во баскет

    Ученици: Барбара Аврамова, Манас Манасов, Столе Крстев, Христина Ристова
    Ментор: Љупче Атанасов

11. Најдобра модна ревија

    Ученици: Гонце Евтимова, Тамара Ристова, Давид Ѓоргиев, Данче Здравева, ментор Тина Вергова

Со награди се стекнаа следниве екипи:

Прво место (златна плакета) за најдобро кариерно портфолио Михаела Тадирова, ментор: Наташа Спасевска;

Второ место (сребрена плакета) за најдобро Интервју за работа на англиски јазик, ученик: Михаела Тадирова, ментор: Наташа Спасевска;

Второ место за најдобар постер на МАССУМ - ученици Верица Поцева, Ана Коцева, ментор: Борче Алексов, Славица Атанасова;

Трето место за најдобро Интервју за работа на македонски јазик, ученик: Ана Бибовска, ментор: Даниела Ѓоргиева.

Во учебната 2022/2023 повторно беше прогласен најдобар ученик на генерацијата 2019/2023 година. Комисија составена од наставници, според изготвени критериуми според Правилникот за прогласување на ученик на генерацијата, од повеќе предложени ученици, за ученик за генерацијата ја прогласи ученичката од IV $^{2}$ клас, **Ана Бибовска.**

| | Ученик | Постигнат успех | Освоени поени од натпревари | Изостаноци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ана Бибовска | 99.4 | 19,3 | | 118,7 |
| 2. | Никола Костадинов | 7.0 | 20,1 | - 2,8 | 114,3 |
| 3. | Виолета Василева | 99.2 | 13,5 | - 2.1 | 110,6 |
| 4. | Филип Ташков | 94.2 | 13,8 | - 0,6 | 107,4 |
| 5. | Симона Долдурова | 99.6 | 1,7 | - 1,2 | 100,1 |
| 6. | Лео Тренчев | 96.2 | 3,2 | / | 99,4 |
| 7. | Анѓелина Јованова | 98.4 | 4,5 | - 4,1 | 98,8 |
| 8. | Сара Серафимовска | 99.6 | 8,5 | - 12,9 | 95,2 |

Според одредени критериуми од страна на избрана комисија составена од наставници беа избрани и најдобрите ученици од прва, втора и трета година.

Врз основа на Правилникот за избор на најдобар ученик на годината, Комисијата за избор на најдобар ученик за гимназиско образование за прва година ја изготви следнава ранг листа:

| Ред. Бр. | Име и презиме | Клас | Успех | Изостаноци | Натпревари | Проекти | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Матеј Цветковски** | I-1 | 100 | 0 | 21.0 | 0 | 121.0 |
| 2. | Викторија Спасова | I-1 | 100 | 0 | 18.5 | 2 | 120.5 |
| 3. | Катерина Крстева | I-1 | 100 | -4.4 | 24.5 | 0 | 120.1 |
| 4. | Памела Митева | I-2 | 100 | 0 | 1.0 | 4 | 105.0 |
| 5. | Тамара Чабукова | I-1 | 100 | 0 | 2.0 | 0 | 102.0 |
| 6. | Ивона Камчева | I-1 | 100 | 0 | 1.0 | 0 | 101.0 |

Според ова, за ученик на годината во гимназиското образование во I (прва) година, за учебната 2022/23 година се прогласува ученикот **Матеј Цветковски.**

Врз основа на Правилникот за избор на најдобар ученик на годината, Комисијата за избор на најдобар ученик за стручно образование за **прва година** ја изготви следнава ранг листа:

| Критериуми | Александар Ивановски | | Христијан Цинцовски | |
|---|---|---|---|---|
| | | Поени | | Поени |
| Оправдани изостаноци | 12 | 0 | 11 | 0 |
| Неправдани изостаноци | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Успех | 5,00x20 | 100 | 5,00x20 | 100 |
| Учество во проекти | / | 0 | | 0 |
| Освоени награди | / | 0 | | 0 |
| Вкупно поени: | | 100 | | 100 |

Според ова за ученик на годината во стручното образование во I (прва) година, за учебната 2022/23 година, се прогласува ученикот **Александар Ивановски**, имајќи ги во предвид полугодишните оценки.

Врз основа на Правилникот за избор на најдобар ученик, Комисијата за избор на најдобар ученик за **втора година** ја изготви следнава ранг листа:

| Ред. Бр. | Име и презиме | Клас | Успех | Изостанци | дипломи/проекти | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Матеа Димитриева** | II-1 | 100 | 0 | 16,2 | 116,2 |
| 2. | Лука Трајанов | II-1 | 100 | 0 | 3,5 | 103,5 |
| 3. | Гонца Евтимова | II-1 | 100 | 0 | 3 | 103 |
| 4. | Тијана Темелкова | II-1 | 100 | -2,5 | 1,5 | 99 |

За најдобар ученик од втора година, за наставната 2022/23, се прогласува **Матеа Димитриева**.

Врз основа на Правилникот за избор на најдобар ученик, Комисијата за избор на најдобар ученик за **трета година** изготви ранг листа:

| ред. бр. | име и презиме | среден успех | оправдани изостаноци | неоправдани изостаноци | дипломи/ проекти | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Деница Трајанова | 100 | 0 | 0 | 13 | 113 |
| 2 | **Михаела Тадирова** | 100 | 0 | 0 | 25 | 125 |

Од изготвената ранг листа, ученик на генерацијата од трета година, за наставната 2022/23, е **Михаела Тадирова**.

Промовирањето на резултатите, училиштето го манифестира со свечено доделување дипломи и признанија за тековната година, како и преку официјалната веб страница на училиштето.

### *5.3 Еднаквост и правичност*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Статут на училиштето;<br>- Закон за средно образование;<br>- Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Балкански детски парламент;<br>- Средношколска унија. |

## АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Нашето училиште е мултиетничко училиште, со ученици од македонска, турска и ромска етничка припадност. Во училиштето, нема дискриминација и сите се еднакви во правата и обврските. Сите ученици уживаат еднаков третман од наставниците и стручните соработници. Тоа се постигнува со редовно информирање на сите ученици за различните активности во училиштето (вклучувајќи МИО активности, кои се дел од годишното планирање). Во училиштето се одржуваат наставнички совети каде се споделуваат мислења и се воспоставуваат критериуми кои треба да гарантираат еднаквост и правичност за сите ученици.

Со обезбедувањето на училишен простор, мебел, нагледни средства, наставнички кадар, помошно технички персонал, дневни и годишни досиеа, полугодишни и годишни извештаи, училиштето успева да обезбеди сите ученици да добиваат еднаков третман.

Училиштето, како воспитно-образовна институција, воспитува и образува ученици од различни генерации и различна етничка припадност. Во дејноста на училиштето, покрај учениците кои се главниот фактор за нејзина реализација, вклучени се и родителите. Грижата на родителите за тоа како се води наставата во училиштето и на кој начин нивните деца стекнуваат знаење и вештини побудува интерес и самите да се вклучат и внимателно да го следат овој процес.

Училиштето им нуди на родителите различни форми преку кои ја следат работата на училиштето.

Форми преку кои родителите на учениците се вклучени во работата на училиштето се:

- Училишен одбор;
- Совет на родители;
- Родителски средби;
- Културно-уметнички манифестации.

Училишниот одбор е составен од 12 члена и тоа: четири претставници од наставниците, три претставника од родителите, односно старателите на учениците, три претставника од основачот (локалната самоуправа) и по еден претставник од Министерството за образование и од деловната заедница. Претставниците од родителите не можат да бидат именувани од редот на вработените во училиштето. Претставниците од родителите/старателите на учениците ги именува и разрешува Советот на родители. Тие се именуваат за период до завршување на средното образование на нивното дете т.е четиригодишен мандат, од прва до четврта година. Училишниот одбор донесува одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одборот, во кој секако важна улога имаат родителите.

Функции на Училишниот одбор:

- донесува статут;
- предлага Годишна програма за работа;
- предлага Годишен финансиски план;
- предлага Завршна сметка до Министерството (Локална самоуправа).

Во јавното средно училиште се формира Совет на родители, кој го сочинуваат претставници од родителите на учениците кои не се вработени во училиштето. Советот го сочинуваат вкупно 8 члена, и тоа, од секоја генерациска година по двајца членови, избрани преку Одборот на паралелките, во кој членуваат родителите од паралелките. Советот на родители ја следи и дава мислење за остварувањето на воспитно-образовната работа. Работата, бројот на членовите, начинот на избор и организацијата на Советот на родители се утврдува со Статутот на училиштето.

Родителските средби се средби на родителите на учениците од една паралелка со класниот раководител, со цел поединечно да се разгледа успехот на учениците во паралелката, да се анализираат и да се разрешат тековните проблеми од интерес на паралелката, како и да се донесуваат одлуки за изведување екскурзии во државата и надвор од неа. Овие средби обично се одржуваат двапати годишно, кон средината на првото и второто полугодие од учебната година. Доколку се појави потреба, можат да бидат свикани и одржани и дополнителни средби. На родителските средби, раководителот на паралелката подготвува Извештај за постигнатиот успех на ученикот во определениот наставен период, со што родителот има увид во успехот и поведението на своето дете.

Секој родител може индивидуално да стапи во контакт и разговор со раководителот на паралелката или предметниот наставник за подетално образложение на успехот на своето дете, на отворениот ден на училиштето. За било кој вид на средба или посета во училиштето, родителите се информираат преку медиуми.

Информации за ученик може да се побараат и од стручните соработници во училиштето- педагог, психолог, библиотекар. Освен за општиот успех, стручните соработници можат да им дадат на родителите и слика за психо-физичкиот развој на нивното дете. Родителот може да се информира и по прашањето на педагошките мерки (какви мерки се изрекуваат и во кои случаи).

Преку Училишниот одбор и Советот на родители, родителите работат на изготвување и донесување Статут на училиштето, Годишна програма за работа, го разгледуваат и предлагаат

Годишниот финансиски план на училиштето. Преку Училишниот одбор, се врши објавување на јавен оглас за именување директор на училиштето, се одлучува по приговори и жалби на вработените во училиштето, жалби на ученици, родители и други прашања. Преку Советот на родители, родителите комуницираат со наставниците за реализација на екскурзии, донирање средства преку спонзорства, конкретни проблеми за изведување на наставата за кои мораат да бидат информирани сите родители, како: реализација на практичната настава во претпријатија, преземање мерки за поголема дисциплина кај учениците- правилно депонирање отпад, заштита на материјалот и инвентарот за работа, самоволно напуштање на часови и агресивно однесување на учениците.

### *5.4 Соработка со родителите и со локалната и деловната заедница*

## АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Соработката на училиштето со другите заинтересирани учесници, најчесто се одвива преку реализација на практичната настава, понатаму преку организирање на културни и литературни манифестации значајни за општината. Се спроведуваат и разни еколошки акции- чистење на околината, засадување дрвја и сл.

Училиштето соработува со други училишта во делот на спортските активности, културните и уметнички манифестации. Се остварува и меѓусебна соработка преку семинари низ различни градови од репупликата. Од особена важност е формирањето на Балканскиот детски парламент, чија декларација беше потпишана во октомври 2005 г. во Охрид. Со неа се предвидува учениците слободно да ги изразуваат своите ставови за релевантни прашања и проблеми.

Заради потребите на пазарот на труд, во училиштето се отворени дуални паралелки, што подразбира активно работење и учење. Покрај образовните насоки- оптштествено-хуманистичко и природно-математичо подрачје, учениците имаат можност да се запишат и во стручни паралелки- металуршка, електротехничка, машинска и градежна струка. Покренати се активности за основање на реални училишни компании со сопствено производство, заради практично усовршување на учениците и соработка со деловните субјекти на повисоко ниво.

## АНАЛИЗА НА ПОДРАЧЈЕТО

Во училиштето постои позитивна училишна клима меѓу учениците. Нема етнички тензии, но редовноста и дисциплината за време на часовите треба да биде на повисоко ниво. Учениците и нивните резултати се промовираат. Постои еднаквост, правичност и подеднаква можност учениците да ги развиваат своите интелектуални способности. Родителите имаат активно учество во училишната политика, особено во однос на решавањето релевантни прашања поврзани со воспитно-образовната дејност.

**Клучни силни страни:**

- вработените во училиштето се идентификуваат со работата (73,58%);
- наставниците се задоволни од колегијалноста и раководењето со училиштето (77,36%);
- училиштето има добар углед во локалната зеедница (65,79%);
- училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности (66,67%).

Вработените во училиштето се идентификуваат со работата.




**Клучни слаби страни:**

- делумно спроведување на Кодексот на однесување (45,28%);
- слаба дисциплина во училиштето (24,56%).

Дисциплината на учениците е многу добра и Кодексот на однесување во училиштето се почитува.



**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Стратегија за спроведување на Кодексот на однесување на училиштето;
- Активности за подобрување на дисциплината во училиштето (соработка со Средношколската унија, предавања, работилници);
- Афирмација на училишни вредности (знаење, соработка, толеранција, емпатија, дијалог).

# Подрачје 6 - Ресурси

Во ова подрачје на вреднување, направено е согледување на индикаторите:

**6.1Сместување и просторни капацитети;**
**6.2Наставни средства и материјали;**
**6.3Обезбедување на потребен наставен кадар;**
**6.4Следење на развојните потреби на наставниот кадар;**
**6.5Финасиско работење на училиштето.**

| **Подрачје 6. Ресурси** | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Индикатор за квалитет** | **ТЕМИ** |
| **6.1** | **Сместување и просторни капацитети** | ➢ Просторни услови<br>➢ Искористеност на просторните капацитети |
| **6.2** | **Наставни средства и материјали** | ➢ Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>➢ Училишна библиотека<br>➢ Потрошен материјал |
| **6.3** | **Обезбедување на потребниот наставен кадар** | ➢ Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>➢ Ефективност и распоредување на кадарот<br>➢ Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар |
| **6.4** | **Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | ➢ Професионален  развој на наставниците |
| **6.5** | **Финансиско работење во училиштето** | ➢ Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>➢ Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

## *6.1 Сместување и просторни капацитети*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Сместување и просторни услови;<br>- Програма за работа на директорот;<br>- Записници од просветна и санитарна инспекција;<br>- Распоред на часови;<br>- Разговор со директор, наставници и ученици;<br>- Записници од работата на стручните активи;<br>- Анкета за ученици. |

# АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Училиштето располага со 5334 м2 внатрешна корисна површина и со 41350 м2 дворна или надворешна површина. Училишната зграда датира од 1976 година.

Внатрешната површина е распоредена во 27 кабинети, со вкупна површина 1739 м2, библиотека со 204 м2, спортска сала со придружни помошни простории од 752 м2, сала за свечености од 240 м2, 6 канцеларии од 182 м2, 2 лаборатории, хемиска и биолошка од 74 м2, 2 работилници 152 м2, ходници и останатиот внатрешен дел 1531 м2, санитарни простории од 460 м2, подрумска просторија од 170 м2, котларница од 67 м2, скривница 127 м2, кариерен центар и инклузивна училница.

Надворешниот простор на училиштето е распореден на спортски терени 1920 м2, озеленета дворна површина 16000 м2, двор 23430 м2; Училишниот двор на влезот од училишната зграда е целосно поплочен и ограден.

Часовите по спорт и спортски активности се одржуваат во салата, но и во училишниот двор, во зависност од временските услови и наставната програма. Фискултурната сала е просторна, добро опремена и целосно реновирана и во неа има добри услови за изведување на наставата. Придружните помошни простории во фискултурната сала се реновирани заедно со санитарните јазли и ги задоволуваат потребите на учениците.

Спортските терени и игралишта делумно ги задоволуваат условите за изведување на наставата по спорт и спортски активности. Дел од овие спортски терени користи и ОУ „К.П Мисирков“ кое е во непосредна близина на СОУ „Коста Сусинов“ Радовиш. Оттука, честопати се појавуваат предизвици при изведувањето на наставата.

Вкупниот простор го користат 481 ученик, распоредени во 32 паралелки, од кои 16 паралелки во гимназиско образование и 16 паралелки во стручно образование. Настава се изведува во две смени.

Врз училишната зграда има поставено громобран. Во август 2020 година, преку проект финансиран од Националната програма за рурален развој, заедно со Општината и СОУ „Коста Сусинов“ Радовиш, врз училишната зграда е поставен фотоволтаичен систем. Со овој проект, кој е реализиран преку ЛАГ „Плачковица“, овозможено е значително намалување на сметките за потрошена електрична енергија во училиштето. Системот е со капацитет од 10Kwh.

Во септември 2023 година, врз училишната зграда е поставен уште еден фотоволтаичен систем набавен според Договор за набавка на фотоволтаици за Општина Радовиш, СОУ „Коста Сусинов“ и ЈОУДГ „Ацо Караманов“. Носител на набавката е ПЦ „КОНТРОЛ ХАРДВЕР“ ДООЕЛ Струмица. Набавката е направена со средства планирани во буџетот на СОУ „Коста Сусинов“ Радовиш за 2023 година. Системот се состои од соларни монокристални модули со моќност од 550Wp и два соларни инвертори со моќност од 100kW и 36kW. Со оваа набавка е овозможено дополнително намалување на сметките за потрошена електрична енергија во училиштето.

Од извршените анкети се гледа дека поголем број од учениците се согласуваат дека библиотеката располага со разновидна литература којашто ги задоволува нивните потреби и таа е отворена и учениците можат да ја користат во текот на училишниот ден.

Половина од анкетираните ученици се согласуваат дека училниците за настава, вклучувајќи ја и салата за спорт и кабинетите за практична настава, се соодветно опремени според современите наставни текови.

Сите 27 кабинети се опремени со нов инвентар и ги исполнуваат сите пропишани стандарди за настава. Секој кабинет има нови прозорци, врати и инвентар кои целосно ги задоволуваат условите за работа. Сите кабинети се соодветни на бројот на ученици во паралелките. Наставата се изведува во кабинетите.

Кабинетот по музичка уметност, кој беше дел од аулата на училиштето и се користеше и за разни свечености организирани во училиштето, од септември 2023 година е преместен. Сега, часовите по музичка уметност се реализират во кабинетот по ликовна уметност. Овој кабинет е приспособен за потребите на двата предмета.

Кабинетот по информатика е опремен со 20 компјутери и интерактивна табла кои не се добро распределени во просторот и потребна е нивна реорганизација. Распоредот на часови е добро изготвен, така што нема поклопување на одржување на часовите по информатика во кабинетот по информатика.

Со 10 компјутери е опремен и кабинетот за електротехничката струка во кој се реализираат часовите по програмирање, информатика и дел од стручните предмети за кои има потреба од работа на компјутер.

Наставничката канцеларија, со површина од 72 м2, е претесна за да ги задоволи потребите на сите професори кои изведуваат настава во две смени. Внатре има гардеробер за работната облека на наставниците и шкафчиња за лични предмети. Потребно е прилагодување на просторните услови во канцеларијата за да се обезбедат попријатни услови во неа, односно нејзино проширување.

Во училиштето постои и сала за свечености која е добро уредена, просторна и целосно ги задоволува условите за одржување на свечености, трибини и собири на учениците.

Санитарните простории за наставниците и за учениците ги задоволуваат потребните услови за одржување на хигиената во училиштето. Од извршените санитарни инспекциски надзори, утврдено е дека хигиената во училиштето е на релативно задоволително ниво.

Од претходно изнесеното, јасно се гледа дека капацитетите се користат оптимално и се достапни за користење подеднакво на сите субјекти во училиштето.

Долниот кат од училишната зграда, вклучувајќи ги речиси сите внатрешни простории и ходници, како и училишниот двор, се пристапни за учениците со телесни пречки во развојот. Спортската сала не е достапна за овие ученици. Училиштето постојано презема активности за подобрување на актуелната состојба.

## *6.2 Наставни средства и материјали*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Увид во стручната литература и наставните помагала;<br>- Увид во библиотечната евиденција;<br>- Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Анкета за ученици;<br>- Разговор со училишниот библиотекар;<br>- Разговор со директор;<br>- Увид во документација за набавени и планирани потрошни материјали;<br>- Записници од стручни активи;<br>- Разговор со наставниците;<br>- Самоевалуација и план за развој на училиштето;<br>- Полугодишен и годишен извештај;<br>- Разговор со одговорното лице за потрошен материјал;<br>- Анкета на родители. |

## АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Училиштето располага со одредена стручна литература, набавена во текот на повеќе години. Со промена на наставните програми, а особено со новата реформа, голем дел од таа литература не е во употреба, но затоа пак, секоја година се набавува нова.

Набавката се врши според барањата и потребите на стручните активи, кои на почетокот на секоја учебна година, во записниците од состаноците, ги наведуваат насловите на потребната стручна литература. Со оглед на тоа дека секој од наставниците има пристап до Интернет во било кое време, голем дел од стручната литература која се користи е достапна онлајн.

Училиштето, во рамките на своите можности, се труди да ги задоволи потребите од наставни помагала, кои секоја година, врз основа на барањата на стручните активи, ги обезбедува. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ. Сите кабинети се опремени со компјутери и ЛЦД проектори. Во кабинетите секогаш има пристап до Интернет. Неограничен пристап до Интернет имаат и наставниците во наставничката канцеларија, правникот, педагогот, психологот, сметководителот и директорот на училиштето. Овие услови се обезбедени од сопствени средства на училиштето. Училиштето работи на примена и усовршување на информатичката технологија во наставата.

Училиштето располага со 3 интерактивни табли. Една од интерактивните табли активно се користи на часовите во кабинетот по информатика, а останатите две се во кабинетите по физика и електротехника. Дополнително, набавени се и ЛЦД проектори за секој кабинет, така што секој од предметните наставници може да користи проектор во наставата, во било кое време.

Во нашето училиште има училишна библиотека. За да имаме целосен увид колку таа ги задоволува потребите на учениците, спроведовме анкета меѓу учениците. Поголем број од учениците се согласуваат дека библиотеката ги задоволува нивните потреби.

Како редовна активност на почетокот на учебната година е и пребројувањето на лектирните изданија кои се на располагање на учениците. Во библиотеката има вкупен фонд од 27.000 книги од кои 5708 се со стручна содржина, а само 3600 се лектирни изданија кои се применуваат во наставата. Останатите книги се неупотребливи лектирни изданија кои повеќе не се користат во наставата.

Во библиотеката, покрај лектирните изданија има и литература во незначителен број книги и на друг јазик, и тоа: околу 3% на англиски јазик, 1% на француски и 5% на српски јазик. Во библиотеката веќе се регистрирани и првите лектири на турски јазик. Библиотеката располага со над 200 вакви наслови. Дополнително, Владата на Република Македонија донирала 39 наслови од познати светски автори од областа на белетристиката и 9 книги од областа на историјата. Здружението на педагози за спорт донирало 304 книги.

Библиотеката располага и со читална, недоволно користена од страна на учениците. Библиотеката е опремена со компјутер во кој постои база на податоци за сите издадени книги. Компјутерот има пристап до Интернет. Дополнително, постојат уште два компјутера со пристап до Интернет, еден фотокопир и еден принтер, кои им се на располагање на наставниците.

Библиотеката е отворена секој ден од 7:30 до 13:30 и од 13:30 до 19:30. Ваквото работно време овозможува учениците да ги користат услугите на библиотеката во текот на целиот училишен ден. Според спроведената анкета, поголем број ученици потвдуваат дека таа е отворена во текот на целиот училишен ден.

Набавениот потрошен материјал (хартија, креди, тонер, маркери и сл.), генерално, ги

задоволува потребите на учениците. Секој ученик, за сите писмени работи и тестови, добива фотокопиран лист хартија со соодветните задачи. Училиштето располага и со фотокопир на кој се вршат сите потребни фотокопирања. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал. Потребите за наставни средства и материјали се утврдуваат врз основа на барањата на стручните активи од соодветните предмети, со процена на приоритети.

Секој стручен актив, врз основа на својот распоред за настава, врз основа на планираните писмени и тестови, поднесува барање до училиштето за потребните наставни средства и материјали. Ефикасноста на употребата на наставните средства и помагала ја следи директорот на училиштето и домаќинот на училиштето. Во направениот разговор со директорот, тој образложи дека пред почетокот на учебната година стручните активи ги утврдуваат потребите за наставни средства и помагала. Тие доставуваат список со потребите од наставни помагала и стручна литература и врз основа на овие списоци се прави пресметка на вкупната цена за нивна набавка, а потоа, по пат на јавна набавка истите се набавуваат. Набавување на нови наставни помагала се врши и врз основа на развојот на наставниот план и програма и воведување на нови струки во училиштето.

Во нашето училиште, има одговорно лице за распределба и следење на потрошувачката на разни видови потрошен материјал. Ова лице, секоја година води евиденција за побараното и потрошеното. На крајот на учебната година, се прави увид и анализа и врз основа на тоа се утврдуваат количините и правилната намена на потрошниот материјал. Целосната одговорност и совесност на наставниците е најголемата мерка за ефикасно трошење на наставните средства и помагала.

За електротехничката струка, има посебен кабинет каде што се реализира практичната настава, опремен со потребните наставни средства и помагала за успешна релизација на наставата. Опремен е со дигитални мерни инструменти, развојни плочи за микроконтролери, различни електронски модули, рачен алат, електронски плочки, еднонасочни електромотори, електронски компоненти (отпорници, кондензатори, диоди, транзистори и интегрирани кола), аудио засилувачи и звучници, компјутерски компненти, елементи за компјутерска мрежа и други алати што одговараат на стандардите за простор и опрема. Учениците знаат да ги користат и ги развиваат постојано своите вештини. Дополнително има уште еден кабинет опремен со 10 компјутери, каде што се реализираат часовите по програмирање.

За геолошко-рударската и металуршка струка, како и за машинската струка, постои опремена работилница за изведување практична настава. Во неа, наставниот кадар и учениците располагаат со: апарат за рачно електро-лачно заварување, рачна дупчалка, шлајферица, турпии и клешти, рачен бонсик и лемелица, машина за рачно полирање на накит, вулканизерка, инјектор за восок, универзално подвижно мерило (шублер).

### 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Увид во досиеја на вработени;<br>- Увид во правилникот за систематизација;<br>- Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Програма за работа на стручната служба;<br>- Распоред за дежурства на наставници;<br>- Увид во платниот список за вработените;<br>- Увид во записници од Наставнички Совет;<br>- Разговор со директорот;<br>- Разговор со наставниците. |

## АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Воспитно-образовната дејност во училиштето ја реализираат вкупно 59 наставници, од кои 55 реализираат само теоретска настава по предмети, а 4 и практично-теоретска настава во геолошко-рударска и металуршка струка, електротехничка, машинска и градежна струка.

Во воспитно-образовната дејност се вклучени 3 стручни соработници: психолог, педагог и библиотекар.

Во правно-економската служба има еден правник и еден економист. За хигиената и одржувањето, задолжени се 9 хигиеничари и 1 хаусмајстор.

Образовната структура на кадарот кој ја изведува наставата потполно одговара на законските и програмските барања по наставните предмети и е во согласност со Нормативот за наставен кадар. Дел од наставниот кадар е запишан на педагошка доквалификација за задоволување на нормативот за наставен кадар, поседува низа вештини и искуство стекнато преку обуки. Се разбира, учењето и развојот на кадарот е континуиран процес.

Наставниците во текот на годината учествуват на сите педагошки семинари и обуки на кои се разработуваат стручни методски прашања, што придонесуваат за внесување на иновации во наставата за унапредување на воспитно-образовната дејност.

| | Вкупно | Македонци | Турци |
|---|---|---|---|
| **Број на наставен кадар** | 58 | 56 | 2 |
| **Број на стручни соработници** | 3 | 3 | - |
| **Број на административни работници** | 3 | 3 | - |
| **Техничка служба** | 10 | 10 | - |
| **Директор** | 1 | 1 | - |
| **Вкупен број на вработени** | **75** | **73** | **2** |

Врз основа на извршениот увид во платните списоци на училиштето, каде се регистрира секое отсуство од работа, се констатира дека целиот персонал е редовно присутен на работа, според прописите. Направените отсуства се воглавно заради боледување или службени патувања (семинари, натпревари со учениците и др.).

Согласно Законот за работни односи и Законот за средно образование, раководниот

орган и другите структури на училиштето утврдуваат задолженија распоредени во одредени временски интервали.

Директорот ја следи присутноста на работа на персоналот на училиштето, врши евиденција и презема соодветни мерки утврдени со закон. Редовноста на наставниците се следи со електонски систем за следење, преку дежурните наставници одредени за секој ден и смена, преку евиденција од педагошко-психолошката служба, како и преку внесените содржини во е дневникот. За секое отсуство, навремено се поднесува барање од секој вработен во училиштето, истото се разгледува од директорот и се одобрува или не, во согласност со законските прописи. Во случаи на пократко или подолго боледување на наставниот кадар, замената е соодветна и благовремена.

Освен меѓусебната соработка меѓу колегите, училиштето нема некоја стратегија за ангажирање на персоналот со повисока квалификација и стручност за поддршка на колегите.

Стручна помош наставниците добиваат од стручните советувања и семинари, организирани од Бирото за развој на образованието, разни проекти од Владата, како и од колегите информатичари во училиштето, околу примената на ИКТ во наставата.

Стручната служба во училиштето, во својата програма за работа, има испланирано и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е отворена за соработка. Овде се дава советодавна помош на учениците, се следи нивниот напредок и се третираат проблемите на индивидуално или групно ниво. Стручната служба, исто така, им дава поддршка на наставниците-почетници при организирање на наставниот час, планирањето и подготовката за настава, како и при изготвување на глобалните и тематски планирања.

## *6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Увид во професионалните досиеа на вработените;<br>- Закон за средно образование;<br>- Програма за работа на директорот;<br>- Листи од спроведени интерни обуки;<br>- Програма за работа на ментор и новвработен во училиштето;<br>- Протоколи за посета на час од страна на директор, педагог и психолог;<br>- Годишна програма за работа на психологот и педагогот;<br>- Разговор со наставниците;<br>- Разговор со стручната служба;<br>- Разговор со директорот. |

# АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

На почетокот на учебната година, активите доставуваат список од обуки кои им се потребни. Потоа, училиштето изработува Програма за професионален развој во која се изразени потребите за индивидуален професионален развој. Таа програма се доставува до БРО. Согласно законот, БРО обезбедува еден дел од средствата, а училиштето останатиот дел.

Во училиштето постојат ажурирани портфолија за наставниот кадар. Од портфолијата се забележува дека наставниот кадар учествува на повеќе обуки за професионален развој.

Направен е разговор со директорот на училштето во однос на професионалниот развој на наставниот кадар. Според него, училиштето има политика на следење на современите текови на живеење и потребите на вработените и учениците, постојано соработувајќи со Советот на родители, Средношколската унија и Училишниот одбор.

Во училиштето се организираат обуки за наставниците, со цел осовременување на наставата. Освен тоа, се организираат и трибини, наставниците учествуваат во различни проекти и се склучуваат меморандуми за соработка со други образовни институции. Се следи законската обврска за професионален развој на наставниците и стручните соработници и се следат сите обуки, согласно објавите од Министерството за образование и наука.

## ОБУКИ И СЕМИНАРИ
## ЗА НАСТАВНАТА 2021 / 2022 ГОДИНА

На 29.11.2021 година, во просториите на училиштето беше спроведена обука на тема „Безбедност на работното место“ на која учествуваа сите наставници, педагошко-психолошката служба, како и останатите вработени.

На 25.05.2022 година, се одржа онлајн обука за електронско запишување на ученици во прва година, со наслов „Електронски уписи на ученици во средни училишта“, којашто ја следеа наставниците Наташа Спасевска и Нина Железарска, како и класните раководители на паралелките од IV година.

**Индивидуални обуки и семинари**

**Ленче Јованова**
-Учество на два вебинари, организирани од страна на Македонското географско друштво, одржани на 29.11. и 30.11.2021, на кои се обработуваа следниве теми: Херцеговина, дигитална настава во изучување на географија, извори на социо-економски податоци и нивна примена во наставата, проширување на знаењата за заштита на животната средина, природните убавини на националниот парк Шар Планина во функција на геотуризмот, заштита и самозаштита во случај на катастрофи;
- Пролетен вебинар од Македонското Географско Друштво, одржан на 16.03.2022 година, онлајн;

**Венка Тадирова**
-Учество на онлајн конференција за кариерни советници, организирана од страна на Еврогајденс Чешка, NCGE - National Forum on Guidance, 30.11.2021 година;
-Учество на работилници во организација на Мировен корпус;
-Виртуелна работилница бр.1: Настава насочена кон ученикот, 02.12.2021 година;
-Виртуелна работилница бр.2: Менаџирање на наставниот час на 21.12.2021 година;

**Валентина Ристова**
**-** Учество на Global teachers' festival во период 14.02-25.02. 2022 година;

- Учество на ELT Online Conference, 04.03.-05.03.2022 година;

**Сузана Манасиева**
-Учество на работилница на тема- Настава насочена кон учениците, организирана од Мировен корпус, 21.12.2021 година;
-Учество на Глобална недела на претприемништвото, на тема- Биди Претприемач, организирано од Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, 08.11., 09.11. и 10.11.2021 година;

**Катерина Сусинова**
-Професионална обука, “Fulbright Teaching Excellence and Achievement Program – Media Literacy Cohort”, Државен Универзитет во Кент, Охајо, САД, од 25.01.-11.03.2022 година;
-Професионална обука, “21st Century Skills in Teaching English” – English Access Microscholarship Program, хотел „Сириус“, Струмица, од 03.06.-05.06.2022 година;

**Василка Митева**
-Учество на вебинари организирани од Едуино – БРО:
-Како да се воведат целите за одржлив развој во наставата – практични примери и активности, 04.11.2021 година;
- Интердисциплинарен пристап во наставата за климатските промени, 10.11.2021 година;
- Дизајнерско размислување (design thinking) како наставен метод за ученици од основно и предучилишно образование, 17.11.2021 година;
- Училишна клима и курикулум – Градење на училишна клима и култура и сесија за Развој и воведување на слободни изборни предмети и воннаставни активности, 01.12.2021 година;
- Мултидисциплинарна интеграција низ пример од предметот историја и општество, 09.12.2021 година;
- Превенција на осипување (drop-out prevention) на ученици од образовниот процес, 15.12.2021 година;

**Наташа Спасевска**
- Координатор во проект ACCESS, со редовни часови како воннаставни активности;
- Редовна соработка со Средношколската унија;
-Подготовки за МАССУМ Образовното рандеву 2022 - редовни состаноци и соработка со надлежните;
-Учество на работилница организирана од Мировниот корпус, на тема- Настава насочена кон учениците;
- Онлајн вебинар „Менаџирање на стресот за време на пандемија“, организиран од Мировен Корпус на САД, 10.03.2022 година;
- Онлајн ЕДУИНО вебинар- „Вовед во наставни компетенции со технолошка поддршка на наставата“, Мировен Корпус на САД во Македонија, 25.05.2022 година;
- Демократско работење на ученичките заедници, Фондација „Конрад Аденауер и LEAD Лидери за едукација, активизам и развој“, Велес, 29.03.-31.03.2022 година;
- ACCESS Teacher Training, организирана обука од RELO US Амбасада во Белград, Струмица, 03.06.-05.06.2022 година;

**Гоце Лазаров**
-Вовед во формативно оценување, вебинар, мај;
-Вовед во наставни компетенции и технолошка поддршка на наставата, вебинар, мај;
-Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование и обука, и обазование за возрасни, вебинар, мај;
-Годишно собрание на Здружението на електротехничките, машинските и сообраќајните средни стручни училишта, Струмица, април;
-Дигитализација во стручното образование, вебинар, април;
-„Учи паметно, работи стручно“, Струмица, март;

**Љупка Туџарова-Аврамова**
-Global Teachers’ Festival 2022 - Advancing Learning Webinar, 14.02.-25.02.2022 година;
-English Language Teaching Online Conference, Oxford Professional Development Event – ELTOC, March 2022, 04.03-05.03.2022 година;
-EP SUMMIT 2022 – ELT TRAINING ROOMS, 25.03.-27.03.2022 година;

**Маја Караманова Сулева**
-Сертификат за учество- In recognition of the participation in the online workshop series for professional development Peace Corps North Macedonia, Fall 2021-Spring 2022;
-Сертификат за стекнати знаења на Едуино вебинарот- „Вовед во формативно оценување“, 10.05.2022 година;
-Сертификат за стекнати знаења на Едуино вебинарот- „Вовед во педагошки пристапи кон инклузивно, дигитално и комбинирано учење за сите ученици“, 17.05.2022 година;
-Сертификат за учество- Обука за примена на театар на угнетените како алатка за креирање на безбеден простор за дискутирање на етноцентрични наративи, стереотипи, предрасуди и дискриминација, соочување и справување со минати трауматски искуства и иницирање на лични и социјални трансформации, 25.05.-29.05.2022 година;

**Кирил Чапов**
- Конференција- Jasenovac Past and Present: "History and Memory of Institutionalised Destruction", организирана од International Holocaust Remembrance Alliance, 15.12.-17.12.2021 година;
- Работилница на тема- „Менаџирање на наставниот час“, организирана од Мировен корпус, Скопје, 14.12.2021 година;
-“Sharing European Histories Self-guided Course“ организиран од EuroClio-European Association of History Educators, 18.11.2021 година;
-„19th Pan-European Conference on Digital Education“ Љубљана, 28.10.2021 година
-“Fragility of Democracy: Teachers as Changemakers" вебинар организиран од EuroClio-European Association of History Educators, 26.10.2021 годинач;

**Јовица Илиќ**
-Обука на тема- Документарен филм во наставата, организирана од Македокс, 07.11.2021 година
-Обука на тема- Спречување и борба против трговија со деца, 04.11.2021 година
-Трибина на тема- „Болести на зависност“, во склоп на проектот ACCESS, 23.11.2021 година

**Иванка Спасова**
-Работилница, на тема- Разбирање на различностите кај учениците, организирана од Мировен корпус, онлајн, 10.02.2021;

**Верче Чапова**
-Работилница бр.2: Менаџирање на наставниот час, организирана од Мировен корпус, онлајн, 21.12.2021;

**Лили Георгиева**
Семинар на тема- „Изучување на францускиот јазик и култура од практичен аспект“, Француски институт, Будимпешта, 27-06.-01.07.2022 година.

## ОБУКИ И СЕМИНАРИ
## ЗА НАСТАВНАТА 2022 / 2023 ГОДИНА

**Индивидуални обуки и семинари**

**Катерина Сусинова**
-ЕЛТАМ МК 12-та меѓународна конференција- „Истражување и споделување на уметноста на предавањето”, Струга, 08.10.-09.10.2022
-ТЕСОЛ 2023 - Виртуелна интернационална конвенција и саем на англиски јазик, 03.04.-04.04.2023 година;
**-**Координатор на проект „BRAVE” – добиен на повик од Global Teacher Grant, грант спонзориран од Бирото за просвета и култура при Стејт департментот на САД, со парични средства обезбедени од

Владата на САД и администриран од ИРЕКС. Ставовите и информациите презентирани во проектот се сопствени на примателот на грантот и не ги претставуваат оние на Стејт департментот на САД или ИРЕКС, Радовиш, 25.01.2023-25.06.2023;

**Славица Атанасова**
- Онлајн обука за секретари на Државна матура, 02.12.2022 година;
- Онлајн обука за внес на тестатори за Државна матура, март 2023 година;

**Наташа Спасевска**
- Редовна соработка со Средношколската унија;
- Онлајн Едуино вебинар- „Вклучување на деца бегалци, мигранти, без државјанство и баратели на азил во воспитно-образовниот процес” – Биро за развој на образованието, февруари 2023;
- Онлајн Едуино вебинар- „Нови медиуми и социјални мрежи” – Биро за развој на образованието, март 2023;
- Онлајн обука- „Креирање на ресурси со помош на вештачката интелигенција” – Министерство за образование и наука на РСМ, март 2023;

**Љупка Туџарова-Аврамова**
-Macmillan Education – Global Teachers’ Festival – Advancing Learning webinars: Overcoming Learner Fatigue through Creativity; Reflections on Leading a Global Network of Language Schools in Uncertain times, 21.02.2023;
-Macmillan Education – Global Teachers’ Festival – Advancing Learning webinars: Every Child Matters; Children’s writing: Pictures, words, sentences and beyond, 22.02.2023;

**Маја Караманова Сулева**
- Основен тренинг за градење мир и мировно образование - Детска амбасада Меѓаши, Велес, 05.07-08.07.2023, Велес;
- Учество на Европас конференција- „Две години нова платформа-корисна, практична, безбедна", Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, Охрид, 18.11-20.11.2022;
- Обука „Интегрирање на професионалниот развој и кариерното советување во наставата“, LEAD, 28.11.2022;
- Едуино вебинар- „Предизвикувачко однесување-справување и добри практики“, 01.12.2022 година;
- Едуино вебинар- „Методи и пристапи за учење преку решавање на проблеми со фокус на климатските промени“,13.10.2022 година;
- Едуино вебинар- „Стимулација на говор во рана возраст+Cbiard“, 24.11.2022 година;
- Едуино вебинар- „Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети“, 29.09.2022 година
- Едуино вебинар- „Развивање на креативните вештини преку визуелни приказни“, 05.10.2022 година;

**Борче Алексов**
-Годишно собрание за МАССУМ 2022, доделување сертификати, септември, Струга.
-Состанок на здружението на ЕМСУ – елетротехнички, машински и сообраќајни училишта во Македонија, хотел „Капри“ – Битола, декември 2022 година;

**Емилија Котева Ристова**
-Работилница за стручни соработници, за подобрување на безбедноста, менталното здравје и добросостојбата на учениците, за да се намали општата вознемиреност, преку информирање базирано на факти, сознанија и стручни толкувања, организирана од Министерство за образование и наука, Струмица, 23.05.2023;

**Василка Митева**
-„Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети“, 29.09.2022 година;
-„ Вклучување на децата бегалци, мигранти без државјанство и баратели на азил во воспитно-образовниот процес“ – 01.02.2023 година;
- „Родителите и децата од дигиталната генерација“, 30.03.2023 година;
-„Нови медиуми и социјални мрежи“, 28.03.2023 година;

-„Говор на омраза во онлајн медиумите“, 12.04.2023 година;
-Уверение за ментор на ученици на регионален натпревар по информатика, 11.03.2023 година;
-Уверение за ментор на ученици на државен натпревар по информатика, 25.03.2023 година;
-Уверение за учество на натпреваротот „Дабар 2023“;

**Венка Тадирова и Ѓоше Коцев**

-„Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование и образованието на возрасните“, хотел „Фени“ – Кавадарци, 30.05.2023;

**Гоце Лазаров**
- Едуино вебинар- „Претставување во медиумите – стереотипи и предрасуди“, 26.04.2023 година;
- Едуино вебинар- „Говор на омраза во онлајн медиумите”, 12.04.2023 година;
- Едуино вебинар- „Родителите и децата од дигиталната генерација“, 30.03.2023 година;
- Едуино вебинар- „Стимулација на говор во рана возраст +Cbiard“, 24.11.2022 година.

### *6.5 Финансиско работење во училиштето*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Увид во финансиски план на училиштето;<br>- Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Увид во развоен план на училиштето;<br>- Разговор со претставници од Совет на родители;<br>- Разговор со претседател и членови на УО;<br>- Увид во записниците од УО и Совет на родители;<br>- Увид во Записници од Наставнички Совет;<br>- Увид во тендери, јавни набавки, склучени договори;<br>- Записници од ревизија од УЈП;<br>- Разговор со сметководителот на училиштето;<br>- Прашалник за директор. |

## АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Финансиско-материјалното работење во училиштето се одвива во согласност со законите. Се изготвуваат месечни и квартални извештаи, се следат измените во прописите и нивната примена. За чување и архивирање на финансиско-книговодствените книги и евиденции е задолжен книговодител/сметководител.

Директорот на училиштето, според своите законски должности и обврски, е должен да обезбедува добро финансиско работење на училиштето. Распишаните огласи за јавни набавки според Законот за транспарентно одбирање на најпогодниот понудувач, направената финансиска анализа од страна на училишниот сметководител и други постапки се, всушност, инструменти за контролирано финансово работење.

Во училиштето постои Училишен одбор кој е составен од претставници на локалната заедница, родителите и од наставниците. Тој го разгледува и одобрува финансискиот буџет на училиштето, односно Училишниот одбор е целосно запознаен со финансиските активности на

училиштето и го следи наменското трошење на финансиските средства.

Наставничкиот совет и Советот на родителите во досегашниот период не беа запознаени со материјално-финансиското работење, но тоа се планира во следниот период. Раководниот кадар повремено ги консултира вработените, кога тоа е потребно.

Локалната заедница е целосно информирана за формирањето на буџетот и за неговото трошење и распоредување. Распределбата на средствата се одобрува од страна на Советот на општина Радовиш. Ссоработката меѓу директорот и ЕЛС е на високо ниво. Директорот е присутен на сите комисии и седници на коишто е повикан од страна на ЕЛС, за да даде образложение за финансиското работење на училиштето.

Буџетот се користи наменски и за креативни цели, за подобрување на квалитетот на наставата и развојот на училиштето, во целина. Училиштето изготвува Годишен финансиски извештај, кој се усвојува од страна на Училишниот одбор и Советот на општина Радовиш.

**Клучни силни страни:**

- одлична местоположба на училиштето;
- оптимално искористени капацитети;
- пространи училници и кабинети;
- соработка со ЕЛС;
- соработка со родители;
- транспарентно финансиско работење;
- можност за усовршување на наставниот кадар;
- наставен персонал со висока стручна подготовка и со соодветно работно искуство.

Училишната библиотека располага со разновидна литература која што ги задоволува потребите на учениците и учениците можат да ја користат во текот на целиот училишен ден.



**Клучни слаби страни:**

- потребно е доопремување на училниците за настава, вклучувајќи ја и салата за спорт и кабинетите за практична настава, според современите наставни текови.

Училниците за настава, вклучувајќи ја и салата за спорт и кабинетите за практична настава, се соодветно опремени според современите текови.




## АНАЛИЗА НА ПОДРАЧЈЕТО

Оптимално се користат постоечките и расположливи ресурси во училиштето. Потребна е поголема опременост на училниците и кабинетите според современите наставни текови. Стручната подготвеност и усовршување на наставниот кадар да продолжи, преку учество на обуки, семинари и сл.

### Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Доопремување на кабинетите и училниците за настава, според современите наставни текови.

# Подрачје 7 - Управување, раководење и креирање политика

Во ова подрачје на вреднување, направено е согледување на индикаторите:

**7.1 Управување и раководење со учииштето;**
**7.2 Цели и креирање на училишната политика;**
**7.3 Развојно планирање.**

| Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
| **7.1** | **Управување и раководење со училиштето** | ➢ Управување со училиштето<br>➢ Раководење со училиштето |
| **7.2** | **Цели и креирање на училишната политика** | ➢ Јасност и соодветност на целите<br>➢ Процедури за креирање на училишната политика |
| **7.3** | **Развојно планирање** | ➢ Цели на развојното планирање<br>➢ Професионален развој/стручно усовршување на кадарот<br>➢ Материјално-технички средства<br>➢ Инфраструктура |

## *7.1 Управување и раководење со училиштето*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Деловникот за работа на Училишниот одбор;<br>- Статутот на училиштето;<br>- Записниците, одлуките и извештаите од работата на Училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни);<br>- Самоевалуацијата;<br>- Планот за развој на училиштето;<br>- Програмата за работа на директорот;<br>- Програмата за професионалниот развој на директорот;<br>- Прирачник- Како да се стане еко-училиште;<br>- Формулар за членови на еко-одбор (прв чекор од еколошката програма);<br>- Интервјуа со наставниците, родителите и со учениците;<br>- Интервју со Училишниот одбор. |

# АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Во училиштето, Орган на управување е Училишниот одбор. Според Статутот на училиштето, во него треба да членуваат 12 члена, од кои тројца претставници од родителите, четири претставници од наставниците, тројца од локалната самоуправа и по еден претставник од Министерството и деловната заедница. Одборот е составен од 8 жени и 4 мажи. Претставникот на деловната заедница треба да учествува во работата на Училишниот одбор, но нема право на глас во донесувањето одлуки. Надлежностите на Училишниот одбор се регулирани со Статутот на училиштето.

Директорот на училиштето, како раководен орган, е одговорен за законитоста во работењето на училиштето. Функцијата ја извршува во интеракција со учениците, наставниот кадар, административниот и техничкиот персонал, а комуницира и со родителите. Работата на директорот се темели на Годишната програма за работа на училиштето, Развојниот план и стратегијата за развој на општината и Националната стратегија за образование.

Педагошкото раководење се темели на повеќе подрачја и тоа:

- концепциско-програмско;
- организација и следење на наставата со примена на ИКТ;
- аналитичко следење на организацијата и реализацијата на воспитно-образовната и педагошката работа, обезбедување на транспарентност и информираност за работата на училиштето;
- работа со ученички организации;
- соработка со родителите, невладините организации, медиумите, локалната средина, институции.

## *7.2 Цели и креирање на училишната политика*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Годишната програма за работа на училиштето;<br>- Анекс кон Годишната програма за работа на училиштето, Самоевалуацијата;<br>- Развојниот план на училиштето;<br>- Акционите планови, анкетите/интервјуата со директорот, стручната служба и претседателот на СУ, наставниците, родителите, учениците;<br>- Записниците од УО/Советот на родители/Наставничкиот совет. |

## АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

Училиштето има политика и правилници во врска со дисциплината и дисциплинските мерки, поведението, насилничкото однесување, сексуална злоупотреба и дискриминација.

При креирање на училишната политика се постапува на следниот начин:

- се врши анализа на резултати од претходната година;
- се утврдуват потребите за новата учебна година;
- се изработуваат глобални планови по предмети;
- активите изработуваат програми за слободните активности;
- класните раководители изработуваат план за класниот час во кој се применуват работилници од образование за животни вештини;
- се изработува училишна програма;
- се набавуваат нагледни средства и потрошен материјал.

Во сите овие постапки, вклучени се: директорот, Училишниот одбор, наставниците, стручните соработници, учениците и родителите.

Училишната политика им се презентира на наставниците, родителите и учениците. Наставниците се информираат на Наставнички совет, им се испраќа по електронска пошта, а достапна е и на веб страницата на училиштето. На родителите, училишната политика им се образложува и на Советот на родители и на родителските средби. Учениците за програмата се информираат преку предметните наставници и класните раководители.

Во зависност од потребите на учениците, во училиштето се организираат предавања од областа на здравственото образование. Секоја учебна година, во соработка со Здравниот дом во Радовиш, се организираат амбулантски и специјалистички прегледи за учениците од I и IV година, како и специјалистички прегледи на целокупниот наставен кадар.

Се преземаат превентивни мерки од болести на зависност, преку различни предавања и работилници, се води грижа за хигиенските и естетско-културните услови за живот и работа во училиштето.

За учениците со различна способност и предиспозиции, постои правилник за оценување и напредување на учениците. Во план е и донесување Правилник за забрзано образование. Правото за забрзано образование го имаат искористено неколку ученици, кои за една година завршуват две години.

Во училиштето, службен јазик за комуникација е стандардниот македонски јазик. Од учебната 2003/04 година, во училиштето се воспоставени паралелки на турски наставен јазик каде евиденцијата се врши двојазично.

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигнувањата на сите ученици.

За подобрување на наставата, во училиштето се користат најразлични методи, искуства и практики. Се организира заемна посета на часови и координирање на активностите за иновации во наставата.

Во училиштето, постои Еко одбор кој е одговорен за креирањето на училишната политика за заштита на животната средина и еколошкото образование на учениците. Дел од вработените

се членови на овој еко одбор кој ги поставува целите и приоритетните точки на акција, кои треба да се реализираат во текот на таа учебна година, на почетокот на учебната година. Сите вработени се обврзани да вметнат барем една еко содржина во нивните наставни планови и програми за секоја учебна година и истата да ја реализираат како што им е планирано. Во еко одборот членуваат дел од вработените, по еден ученик од секој клас, како и по еден родител претставник од секоја генерациска година. Сите членови учествуваат во креирањето и остварувањето на целите, како и планирањето и остварувањето на активности за реализација на Планот на активности од еколошката програма. Се одржуваат состаноци на кои се планираат разни еко акции, кампањи, работилници кои потоа се реализираат во соработка со целиот наставен кадар, учениците и родителите. На почетокот на секоја учебна година, на една од родителските средби родителите се запознаени со целите за реализација на Планот на активности од еколошката програма за таа учебна година и тогаш се бира претставник-родител од секој клас за еко одборот, од кои потоа се бира по еден претставник за секоја година (I, II, III, IV). На секои три месеци има еко-патрола, составена од ученици и професори, чие задолжение е да ги воочат реализираните еко активности за тој период, како и недостатоците (доколку постојат), а на крајот од учебната година, се прави целосен извештај за она што е постигнато во таа учебна година.

Во нашето училиште, Средношколската унија е формата во која учениците се вклучени во процесот на донесување одлуки во училиштето и учествуваат во работата на органите кои управуваат со училиштето.

Тијана Темелкова, ученичка од трета година, од 14.10.2023 година, е избрана на функцијата- Претседател на СУ.

„Желбата за креација на нови нешта и настани се мојата главна мотивација за мојата кандидатура за претседател. Минатите години бевме сведоци за солидно водење на гимназијата, но сметам дека секогаш постои можност за подобро. Сослушувањето и поддржувањето на идеите на секој ученик ќе доведат до најдобри резултати. Се надевам дека сечија замисла ќе биде остварена заедно со мојата“, вели Тијана Темелкова.

СУ се состои од: претседател, заменик претседател, записничар и претставник од секој клас. За поефикасна соработка и комуникација се бира и претставник од година. Претставникот од класот кој членува во СУ има задача да пренесува предлози, забелешки и идеи до СУ, како и да дава повратна информација за плановите и активностите на СУ на своите соученици.

СУ досега има реализирано многу активности и проекти, меѓу кои:

- Филмска вечер во училиштето;
- Новогодишен маскембал;
- Ден за дружење- Social Day;
- Хуманитарен концерт во училиштето;
- Ден без ранец- No backpack day.

СУ има активно учество во креирањето и спроведувањето на училишната политика. Тоа се огледа и во нејзината иницијатива за изготвување анкети за ученици од деветто одделение.

## *7.3 Развојно планирање*

| | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | - Инфраструктура;<br>- Развоен план;<br>- Годишна програма на училиштето;<br>- Записници од состаноците на Училишниот одбор;<br>- Записници од наставничкиот совет. |

# АНАЛИЗА НА ИНДИКАТОРОТ

За годишното планирање, одговорни се: директорот на училиштето, Училишниот одбор, стручните органи на училиштето (Совет на годината, Наставнички совет и Совет на паралелка, раководителот на паралелката, стручните активи), Советот на родители и Локалната самоуправа. Училиштето има своја визија за отворање нови образовни профили. За долгорочното планирање на училиштето постои програма.

Според спроведената анкета, најголем дел од родителите, учениците и наставниците се согласуваат дека училиштето ги зема во предвид нивните мислења, при креирањето на целите на училиштето и начините за нивно остварување и подобрување.

Од учебната 2010/11 година, основана е паралелка од електротехничката струка, а од 2012/13 година, паралелка на турски наставен јазик од истата струка. Од учебната 2021/22 година, отворена е парарелка од машинска струка и во 2022/23 година е отворена паралелка од градежна струка.

Изработен е Правилник за подобрување на системот за вреднување, награди и пофалби на талентираните ученици кои постигнуваат посебни резултати и за нивните ментори. Правилникот е изработен по одлука на УО. Исто така, изработен е и Правилник за награда на ученик на генерацијата.

Училиштето е вклучено во проектот за подобро образование на Ромите. Секоја година, по неколку ученика добиваат стипендија, зависно од успехот кој го постигнале во претходната година.

Се планира подобра соработка со родителите, како еден од главните субјекти во развојот и образованието на децата.

Според определбите за унапредување на квалитетот на работата на училиштата, постојано се применуваат нови реформи, со цел да се модернизира образовниот систем. За подобрување на наставниот процес постојано се вложува во напредокот и следењето на современите текови.

На полето за стручно усовршување на кадарот и нивен професионален развој, вработените посетуваат различни семинари за следење на новитетите во наставата.

Сите кабинети се опремени со потребните материјално-технички средства, кои претходно активите ги навеле како потребни за набавка. За континуирано следење на новитетите во наставата и подобро работење, набавени се нови ЛЦД проектори и платна, кои ја поддржуваат ИКТ наставата.

Општината доделува стипендија за ученици кои ќе се запишат во нашето училиште, по една во втора, трета и четврта година.

Училиштето има потпишано меморандум за соработка со:

- сите основни училишта од нашата општина;

- со средните училишта:
  - Коле Нехтенин- Штип;
  - Димитар Влахов- Струмица;
  - Гошо Виќентиев- Кочани;

-со факултетите:
- ТМФ (технолошко-металуршки факултет);
- Унивирзитет „Гоце Делчев“ (електротехнички, англиски јазик и економски науки);
- Интернационален Балкански Универзитет;
- Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ ;
- Меѓународен Славјански Универзитет.

## АНАЛИЗА НА ПОДРАЧЈЕТО

Училишниот одбор е главниот орган на управување на училиштето. Раководен орган е директорот на училиштето и стручните органи и тела. Во процесот на Годишното планирање, вклучени се сите субјекти: директорот, стручните соработници, стручните активи, Училишен одбор, Совет на родители, Училишната заедница и други. Постои соработка меѓу раководството во училиштето и заеднички се решаваат на сите прашања и предизвици. Надлежностите се правилно распоредени.

Политиката и Правилникот на училиштето во врска со дисциплината и дисциплинските мерки е јасно дефинирана. Кодексот на однесување и Куќниот Ред, кои се истакнати на видни места во училиштето, ги содржат правилата однесување на учениците во училиштето. Тие правила, во најголем дел, се почитуваат. Со Правилниците за дисциплина кои важат во училиштето, запознаени се и родителите на учениците.

Училишната политика е креирана од Директорот, наставниците, УО, Советот на родители. Креирањето на училишната политика, во основа, е правењето на Годишната програма на училиштето. Со процесот на изготвување на годишната програма раководи директорот, а ја изработува Комисија за изработка на Годишната програма. Во целиот процес, вклучена и педагошката служба на училиштето. За својата политика, училиштето ги информира сите заинтересирани субјекти, преку состаноци на УО и СР, родителски средби и состаноци на Училишна заедница .

Училиштето се грижи за унапредувањето на здравјето на учениците. Редовно се извршуваат систематски здравствени прегледи на учениците и на наставниците.

За сите свои ученици, без разлика на нивниот пол, етничка припадност и умствени способности, училиштето обезбедува иста грижа.

Во училиштето, постои Еко одбор кој е одговорен за креирањето на училишната политика за заштита на животната средина и еколошкото образование на учениците.

Наставата се изведува на македонски јазик во сите паралелки, освен во осум паралелки на турски јазик.

Од погоре изнесеното, може да се заклучи дека политиката што ја креира училиштето создава позитивна клима меѓу учениците и наставниците.

**Клучни силни страни:**

- постоење Статут на училиштето, Училишна програма, Правилници за: оценување, матура, систематизација; Упатства за педагошки мерки и организација на екскурзии;
- развоен план за долгорочно планирање;
- соодветен наставен кадар;
- можноста турската етничка заедница да се школува на турскиот мајчин јазик;
- правилник за наградување;
- соработка меѓу сите нивоа на раководење (директор, Училишен одбор, Совет на родители).

Вработените активно учествуваат во креирањето на целите и вредностите на училиштето.




**Клучни слаби страни:**

- непостоење Политика/Процедура за редовна настава на хронично болни ученици и ученици кои, од оправдани причини, имаат долго отсуство од настава.

**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Обука на наставниците, според искажаните потреби;
- Подобрување на инфраструктурата, според потребите;
- Донесување Процедура за редовна настава на хронично болни ученици и ученици кои, од оправдани причини, имаат долго отсуство од настава.